**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Четириесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 29 мај 2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,26 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието.

**Љубиша Георгиевски:** Продолжуваме со работа по 42-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Абдулади Вејсели, Блерим Беџети, Сафер Незири, Џевад Адеми, Рафис Алити, Теута Арифи, Али Ахмети, Агрон Буџаку, Фазли Велиу, Садула Дураки, Зумрете Јакупи, Аднан Јашари, Азис Положани, Селвије Салиу, Ајше Селмани, Тахир Хани, Елмазе Селмани, Љубчо Георгиевски, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Даут Реџепи, Бесим Догани, Ѓорѓи Оровчанец, Мирјана Секуловска, Лазар Китановски, Марјанчо Николов и Владо Бучковски, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

**Предлог на закон за спречување судир на интереси,** продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по амандманот на член 3 за додавање нова алинеја 8 по алинејата 7, поднесен од пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски.

За збор од вчера е пријавен господин Борис Кондарко кој, колку што гледам е отсутен.

Следна за збор е госпоѓа Весна Бендевска.

Повелете госпоѓо Бендевска.

**Весна Бендевска:** Благодарам претседателе.

Почитувани колеги, господине министер,

Еве веќе втор ден расправаме по амандманот поднесен од група пратеници од СДС, согласно кој предлагаме членот 3 од Предлогот на законот за спречување судир на интереси да се дефинира поимот “непотизам” како една негативна општествена појава што, според нас, заслужува да биде составен дел на Предлогот на законот и да биде дефинирана како појава што мора да се санкционира токму со овој закон.

Министерот, во текот на вчерашниот ден многу кратко и јасно и децидно кажа дека ова не е прифатлив став за Владата на Република Македонија, односно за официјалниот предлагач на овој закон. Ние се обидовме, во текот на вчерашната расправа, да добиеме конкретен одговор зошто сметате дека непотизмот, како појава, не предизвикува, не е извор на судир на интереси и, согласно тоа, не мора да биде дефинирано во овој закон.

Тоа што некои пратеници од владеачкото мнозинство се обидоа да го направат, беше нашите дискусии да ги детерминираат како полувистини, како шпекулации, но ние јасно покажавме дека токму Владата на господинот Никола Груевски го негува непотизмот како појава и начин на владеење, еве веќе девет месеци.

Она што е есенцијално и што мора да го добиеме како претставници на граѓаните во законодавниот дом на Република Македонија е зошто изјавата за усогласеност на прописот со законодавството на ЕУ господинот минситер само ја потпиша, а не наведе дали и колку овој пропис е усогласен со европското право. Или, да бидам кратка и јасна, дали имате одговор, господине министер, дали во земјите од ЕУ непотизмот е детерминиран како негативна општествена појава што треба да биде санкционирана токму со еден ваков закон?

Празната изјава, значи нешто многу посуштинско, многу поопасно, да не речам скандалозно. Ако донесеме закон, при тоа го обележиме и маркираме како закон што е во согласност со европското право, а непотизмот го ставиме надвор од рамките на овој закон, ќе сметаме дека непотизмот не мора да биде прифатен како категорија што ќе биде санкционирана, односно непотизмот ќе го направиме нешто најнормално и нормално ќе биде, како што рече вчера господинот Николовски, претставник на ВМРО-ДПМНЕ, дека на 5 јули токму Никола Груевски добил мандат да ги постави своите први братучеди на многу високи државни функции, како што се директор на Царинската управа и директор на ДБК. Или, е многу нормално да постави вицепремиер, а нејзиниот сопруг да стане директор на УЈП. И тоа ќе е нормално однесување, не само, претпоставувам, во ова туку и во некое идно време. Се согласувате ли со тоа господине министер, со оглед на тоа што вие, како професионален учесник во Владата на господинот Груевски, лично сте убеден дека непотизмот, што беше спомнат во првата фаза од Предлогот на законот, не мора да биде составен дел на законот што денеска претпоставувам и ќе го донесете? Скандалозно, но ќе биде донесен.

И за на крај, обидите да се дефокусира ова со споменување на претконгресното расположение во СДСМ или обидот нашите дискусии да бидат третирани како обид да не биде донесен овој закон токму во време кога на власт е Влада предводена од ВМРО-ДПМНЕ односно нејзиниот лидер, господинот Никола Груевски, вие се плашите дека СДС се грижи да можете и понатаму да продолжите со владеење преку протежирање на блиски роднини и блиски лица на многу високи државни функции, и се разбира, ќе бидат платени токму од џебовите на македонските граѓани.

Знам и претпоставувам дека и оваа дискусија ќе биде одмолчена од страна на министерот. Но, верувајте, дилемата ќе остане и понатаму. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Госпоѓата Топузова Каревска Роза не е присутна.

Збор има госпоѓа Верица Филипова, повелете.

**Верица Филипова:** Благодарам.

Почитувани присутни, почитуван претседателе, колеги пратеници, почитуван министре,

Во вчерашната дискусија на колегата од ВМРО-ДПМНЕ Николовски бев спомната, заради што и се јавив за дискусија и за реплика уште вчера, дека сум отишла надвор од Собранието да го терам попладневниот одмор додека тие овде се потеле.

Знаете што колега Николовски, не бев надвор од Собранието. Пишував амандани за утрешната седница што по итни рокови ја закажавте, како што вообичаено веќе станала пракса, за два дена, за три дена да не можат пратениците да ги обработат законите, да се консултираат со стручњаци од таа област и да напишат амандмани.

Понатамошниот мој одговор ќе биде, согласно укажувањата од граѓаните на Штип, согласно нашите симпатизери и гласачи. Синојка се сретнав со неколку од нив низ Штип и, знаете што ми рекоа - доста сте фини со нив, доста го чувате дигнитетот на Собранието, доста го чувате дигнитетот на пратеник. Пробајте да одговарате во нивни стил, пробајте да бидете како нив, од црното да правите бело, пробајте како нив да бидете побезобразни, тоа го бара нашиот народ од нас, бидејќи навистина веќе претеравте. Навистина веќе претеравте девет месеци да кажувате невистини, економски пропагандни програми, да ја одржувате оваа сегашна Влада врз база на незадоволството на претходната власт.

Всушност, ние на 5 јули ги изгубивме изборите, меѓутоа вие повеќе не сте опозиција. Вашиот вокабулар е токму таков. Сега сте вие позиција, од вас се очекуваат дела, а не критики. Но, дела нема, за жал, освен реклами по весниците. Да, токму така е, се смеете и ме слушате, освен реклами по весниците, друго ништо нема.

Во вашата политика нема ни К од зборот конзистентен. Празни ветувања и реклами.

Не би сакала по ред да одам од пратеник до пратеник од владеачкото мнозинство и да кажам кој што добил за овие девет месеци, после 5 јули. Меѓутоа, само би се задржала на колегата Николовски кој својата вереница, пријателка, експресно, после 5 јули, да, така е, гледам реагирате, експресно после 5 јули ја запосли во кабинетот на претседателот Љубиша Георгиевски без квалификации, без работно искуство, без тестирање. Е да, така е.

(Реакции во салата).

Обвинувањата од ваша страна не држат. Непотизмот е многу присутен во оваа Влада, непотизмот е токму појавата за која што сте вие експерти. Всушност и во вашата вчерашна дискусија не разбрав што сакате да кажете. На почетокот критикувавте фамилијарни раководни места за потоа да се надоврзете на политиката во Грција, како три семејства ја држеле грчката политика со години.

Засега толку, благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** (По кратко молчење).

Одмолчувам една изјава, минута, за да ја закопаме.

Молам, за реплика се јави господинот Николовски Александар.

**Александар Николовски:** Да, претседателе, на глупостите на СДСМ и смешните работи очигледно им нема крај. И, очигледно, колешката се обидувала цела вечер да пронајде нешто по однос на мојата фамилија, видела дека моите родители работат она што го работеле пред 5 јули, дека брат ми сеуште студира како што студирал пред 5 јули, дека ниту еден од семејството не добил ништо како што не добил ни пред 5 јули и почна да се занимава со скандали што се за средните страни на “Вест”, што се за таблоиди од типот на “Свет”.

Јас ја разбирам колешката заради тоа што е во такви години, односно е во втор пубертет и многу ја интересираат трачарења.

За нејзина жал, ќе и кажам дека не е така. А доколку имам љубовница од Штип, благовремено ќе ја информирам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Сега, збор има госпоѓа Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Јас не сум изненадена од речникот на ВМРО-ДПМНЕ во текот на вчерашната расправа, а очигледно и во денешниот коментар на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ од стилот на трачарски кафани, чаршиски муабети, кодоши и тн. заради тоа што едноставно, тоа е менталната матрица од која што ВМРО-ДПМНЕ и покрај сите обиди да ги убеди граѓаните на Република Македонија дека го сменила односот, не може да го поправи впечатокот дека е дури и полоша од 1998 година кога дојдоа на власт. Меѓутоа, тоа е нивото на политичката култура што ние како партија, во опозиција, за жал, мора да ја прифатиме и да најдеме механизам како да се спротивставиме. Секако, не симнувајќи се на истото ниво, затоа што нам тоа не ни доликува.

Многу е интересно што се употребуваат токму вакви термини, заради тоа што очигледно се стекнати на места што се спомнуваат. Додека ние пратениците од СДСМ седиме во сала и дискутираме за закони, очигледно пратениците од ВМРО-ДПМНЕ, седејќи во кафеаните, практицираат такви дебати заради тоа пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ не може да обезбеди кворум. Заради тоа што им се поинтересни кафеаните и продавниците за шопинг. Па потоа некој друг е виновен за состојбите во државата. Меѓутоа да преминеме на

она што беше промовирано од страна на министерот и од страна на владеачката гарнитура.

Имено, во “Преродба во 100 чекори”, знаете дека вети дека стално ќе ве потсетувам на ветувањата што сте ги давале во вашата Програма, што стана Програма на вашата коалиција, се вели дека “за да се променат состојбите во Македонија, прва работа што мора да се промени е однесувањето на Владата. Новата Влада има три основни принципи во своето работење: чесност, транспарентност и одговорност”. Меѓутоа ние, во текот на овие девет месеци не видовме дека е променето однесувањето на Владата, ниту пак видовме дека новата Влада, во своето работење се заснива на овие три принципи.

Уште се вели дека “ВМРО-ДПМНЕ ќе формира влада што ќе ја сузбива корупцијата различно од досегашните, дека ќе направи коалиција со граѓанскиот сектор во борбата против корупцијата, затоа што само силна коалиција на Владата со граѓаните може да се справи со ова најголемо зло”. И, уште повеќе се вели дека “борбата против корупцијата ќе се води на две нивоа, преку изградба на стандарди и преку подигање на институционалниот капацитет на администрацијата, судството, полицијата, здравството, царината ид ругите значајни и институционални делови, градење на морални вредности, личен интегритет и тн.” и “со супресија на девијантните појави”.

Овој сегмент подразбира зајакнување на контролите и казните за оние кои не ги почитуваат законите и регулативата. Владата ќе спроведе и силна медимуска кампања за борба против корупцијата.

“Владата на ВМРО-ДПМНЕ нема да ја користи непосредната спогодба како основен инструмент за продажба на државен имот, за секоја зделка и за секој случај”. И ова, се разбира, не е точно. Најголемиот дел договори што се направени до сега се направени со спогодба во четири очи.

“Значајно ќе ја зајакнеме финансиската и приватната независност на Антикорупциската комисија, Државниот јавен правобранител”. И ова, исто така, не е точно. Вие, не дека не ја зајакнавте финансиската и правна независност на Антикорупциската комисија, вие ја закопавте Антикорупциската комисија.

“Прецизно ќе се регулираат процедурите и соработката помеѓу Антикорупциската комисија и сите други институции надлежни за борба против корупцијата. Антикорупциската комисија ќе изготвува редовни тромесечни извештаи, сумиран годишен извештај за случаите на корупција на високи функционери и високи политички лица”. Меѓутоа, ќе додадам ова се однесува само до колку за вакви слуаеви не се обвинети членови на ВМРО-ДПМНЕ. Нивни високи функционери или пак нивни партиски функционери.

И затоа, воопшто не ме изненадува тоа што министерот не сака да прифати дефиниција на терминот непотизам во овој закон. Заради тоа што вие го промовиравте непотизмот како принцип уште при формирањето на Владата. Јас сега ќе ве потсетам на моите забелешки тогаш, заради тоа што уште тогаш укажував на тоа дека вие ја дисквалификувавте борбата против корупцијата со персоналните решенија што ги дававте во Владата.

Самиот факт што во неа седат господинот Маневски и госпоѓата Коневска кои во суштина беа најголемите гласноговорници во невладиниот сектор, ги руши сите ветувања што пред малку ги прочитав, а што беа зацртани во 100-те чекори на Владата. Сето она што Владата го имаше зацртано во својата програма на владината коалиција, дека ќе ја зајакне соработката со невладиниот сектор, со граѓанскиот сектор, за борба против корупцијата падна во вода кога господинот Маневски и госпоѓата Трајковски беа предложени, беа избрани за членови на Владата на Република Македонија.

Првиот човек на Комисијата за борба против корупцијата и првиот човек на Транспарентност Македонија. Тоа ни дава за право да констатираме дека е нормално господинот Маневски да биде еден од најголемите гласноговорници за недефинирање на поимот “непотизам” заради тоа што можеби би требало да биде еден од неговите први жртви заедно со госпоѓата Коневска, заради тоа што не направил ништо да постапи спротивно или да укаже како претседател на Антикорупциската комисија дека такво нешто е недозволиво при составување на Владата.

Или пак неговата успешна изработена обврска за прикривање на становите на премиерот и за сите други афери практично му ја обезбеди оваа позиција и сега мора да игра на картата на која што играл како претседател на Антикорупциската комисија за да ја добие функцијата која што сега ја има.

Меѓутоа мислам дека направивте само лоша услуга не само на членовите на Владата и на партиските функционери на ВМРО-ДПМНЕ кои што се опфатени очигледно со непотизам, туку направивте лоша услуга на Република Македонија заради тоа што во ваква ситуација кога имате вакви решенија во Владата и во институционалните структури никој нема да ви поверува на искрена борба против корупцијата. Затоа се она што во претходните 9 месеци се обидувате да го промовирате во јавноста како искрена борба против корупцијата е практично само шминка. Имаме само неколку случаи кои што би требало само да ја замајат јавноста дека ете навистина Владата се обидува да реши еден од пробелмите во државата или да исполни едно од ветувањата во својата Програма.

Со ваквиот потег практично се промовираше пристрасност од страна на членовите на Валдата

и посветеноста на одредени функционери кои што дотогаш беа промовирани како искрени борци против корупцијата практично паднаа во вода и сега во суштина тие се промоторите на само декларативна борба против корупцијата. Заради тоа не е за изненадување што толку многу смета дефиницијата на зборот “непотизам” во Законот за конфликт на интереси, каде што му е местото. Тоа го дадоа како потврда и изјавите на искажувањата на пратеници на ВМРО-ДПМНЕ. Конечно после дебатата на овој амандман се јави господинот Николовски и призна дека нема непотизам во Владата, дека постои некој таканаречен непотизам и дека она што ВМРО-ДПМНЕ го зборувало од 2002 до 2006 година во суштина не било реакција на непотизам туку на популизам. Дека сето она што го зборуваа во тој период додека беа во опозиција сега наеднаш не важи, заради тоа што станува збор за членови на ВМРО-ДПМНЕ.

Јас од секогаш сум билапротив вулгаризација на непотизмот, меѓутоа против вулгаризација на непотизмот, а не против вистинскиот непотизам и затоа очекував ВМРО-ДПМНЕ да покаже зрелост и во најмала рака да остане доследна на барањата што ги имала како партија во опозиција и да ги промовира како партија на власт.

Се искажа дека единствено е  важно кога промовирате некој кадар како прво дали има политичка волја и второ дали знае да ја врши работата, затоа што ако сме тргнале од таа логика која што ВМРО-ДПМНЕ ја промовираше 4 години ќе сме останале во ситуација да се занимаваат со политика  само 120 пратеника, затоа што ако тргнеме да ги бараме братучедите, роднините, сопрузите, комшиите, соседите, сите луѓе што се занимаваат со политика ние практично ќе останем без кадар. Тоа е вулгаризација на непотизмот и тоа е вистинско несваќање, вистинско нетолкување на непотизмот.

Јас ја разбирам потребата и обврската на пратеници на ВМРО-ДПМНЕ да ги бранат потезите на Владата, меѓутоа не можам да се согласам дека она што ќе го кажат членовите на ВМРО-ДПМНЕ дека по секоја цена мора да биде исполнето, заради тоа што раководството на ВМРО-ДПМНЕ е она кое што треба да ги почитува законите во Република Македонија, затоа што тоа е еден од оние принципи кои што ВМРО-ДПМНЕ ги промовираше како еден од основите во нивното работење. Не може да ме убедите дека членството барало од сите можни во Република Македонија токму сопругот на Габриела Конеска да биде директот на УЈП, зарем нема друг кадар во ВМРО-ДПМНЕ што може да биде на таа позиција, исто така успешен, исто така долгогодишен член на ВМРО-ДПМНЕ, ако веќе мора да бидат партиски кадри. Можел. И тоа е класичен пример за непотизам.

Не можете да ме убедите дека членството на ВМРО-ДПМНЕ барало од сите можни членови на ВМРО-ДПМНЕ токму братучедите на Груевски да бидат на истурени високи позиции, едниот советник во Царина како да е единственио тексперт кој што може да биде на таа позиција, а другито директот на УБК.

Не може да ме убедите дека членството барало господинот Зоран Ставрески да дојде од странство икако не нивен член наеднаш да стане член на ВМРО-ДПМНЕ и да се појави како месија кој ќе ја демократизира ВМРО-ДПМНЕ, како да не била демократска, како да не била демократска партија ВМРО-ДПМНЕ додека господинот Зоран Ставрески не станал нејзин член и член на Извршниот одбор.

Мислам дека треба да бидете повнимателни во овие формулации заради тоа што  не ви одат во прилог. Покажувате прилично несериозен однсо по прашањата за кои што сте се залагале во претходниот мандат.

И самиот факт дека упорно од страна на претставници на ВМРО-ДПМНЕ, на пратеници на ВМРО-ДПМНЕ се зборува за таканаречен непотизам во Владата, самиот факт дека се зборува дека единствениот критериум за некој да биде избран на функција дека треба да има политичка волја, да знае да ја врши работата укажува на фактот дека единствено нерпифаќањето да се дефинира зборот непотизам  во овој закон, заради тоа што Владата очигледно  со овој закон и покрај тоа што ќе го усвои нема храброст, нема капацитет да го реши непотизмот и конфликтот на интереси во сопствените редови.

Јас сум заедно со моите колеги заинтересиран аколку е можно побрзо да донесеме квлаитетен закон за конфликт на интереси, закон кој што вискстински ќе може да се применува и ќе даде вистинска реакција во борбата против корупцијата и борбата против конфликтот на интереси, затоа што овој закон до колку се прифатат амандмани на опозицијата ќе биде прво тест за Владата, заради тоа што за сите примери за кои зборуваме сега Владата треба прво од своите решенија да покаже дека стои цврсто во борбата против корупцијата и во борбата против сузбивањето на конфликтот на интереси. Во спротивен случај, онака како што сга стојат работите, Владата не прави ништо друго тукув о самиот нејзин старт ја дискредитира борбата против корупцијата со тоа што ги згасна и Антикорупциската комисија и Антикорупциската комисија ја девалвира, ја нема реалната моќ како што ја имаше во претходниот период, ја уништи Транспарентност Македонија после изборот на Габриела Конеска со цел Транспарентност Македонија да не постои и да немаме реални невладини организации кои што имаат реална моќ да реагираат на ваквите состојби во државата. Се друго што го прави Владата на Груевски е само фиктивна борба против корупцијата со цел единствено да се етикетираат одредени членови кои што нејзе не и одат во прилог. И бидете убедени дека со ваквата

шминка нема да можете да ја убедите меѓународната јавност, Меѓународната заедниц акоја што го набљудува функционирањето и прогресот на Република Македонија во борбата против корупцијата и дека сте искрени на овој план, заради тоа што се премногу прозирни чекорите кои што се преземаат во таа насока и ние практично немаме до сега реален и искрен почеток на борбата против корупцијата од страна на Владат ана Република Македонија. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Ви благодарам и јас.

За збор се јави господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Благодарма претседателе, господине минситре, почитувани колеги пратеници.

Јас ќе се обидам уште еднаш да го убедам парламентарното мнозинство од два аспекти зошто овој амандман треба да биде дел од членот 3.

Имено, колегите од СДСМ ја предлагаат дефиницијата во членот 3 за зборот непотизам, каде се подразбира повластување на блиски лица при одлучувањето и влијанието во добивањето на раководни работни места и функции на сметка на други лица кои треба да имаат првенство заради знаењето и стручната подготовка за извршување на тие раководни места и функции.

Го читам уште еднаш амандманот затоа што мислам дека парламентарното мнозинство сеуште го нема прочитано и дека цела оваа дебата што ја имаме во Собранието токму во однос на овој амандман, токму оваа дефиниција ќе помогне и роднините, како што беше кажано на некои функционери да не бидат ниту привилигирани, но да не бидат и дискриминирани.

За жал оваа тенденција Владата ја имаше и во и во јануари 2007 година, но политичката проценка на Владата билаовој збор да го тргне, без разлика што се обидува да каже дека во други членови можеме да најдеме одредена поврзаност, но сепакнемањето на јасна дефиниција остава простор законот да биде недоречен, да остава дилеми во иднина и како што беше случајот и со неприфаќањето на амандманот за основната дефиниција на судирот на интереси, а тоа е може да влијае, а тоа не е некоја построга дефиниција се плашам дека ќе дојде до целосна имплементација на овој закон, кој е исклучително важен во борбата против корупцијата.

Вчера дискутирав дека недозволиво од страна на министерот беше цената исправноста на законот и функционирањето на Државнат комисија за спречување на корупцијата како Комисија избран аод ова Собрание и има обврска да реферира и да одговара пред Собрание, но практично се поклопија коцките по дискусијата на колегата Николовски од ВМРО-ДПМНЕ, затоа што непреифаќањето на овој амандман се најде во оправдување во тоа што “се работи за политички именувани функционери, заради тоа што на избори се оди за да се добие глас, која води политички мотивирани односи, се води врз основа на програма што ја носи партијата преку луѓе, односно кадар што партијата како таков го нуди”. Тука го наоѓам одговорот за целосната партизација на администрацијата, тука го наоѓам одговорот за новопримените во Собранието на Република Македонија, тука го наоѓам одговорот за смените кои што во првите денови настаа надвор од законските рамки во државната администрација, тука наоѓам одговор за масовната чистка во Секретарјатот за европски прашања.

Се додека мислиме дека кога ќе дојдеме на власт треба да ги донесеме само своите луѓе и само тие се кадарни да ја водат државата тогаш тешко и се пишува на државата и таа држава не може да оди напред ако сите политички партии размислуваат на ист начин однсоно со масовни смени во моментот кога ќе дојдат на власт, бидејќи само членовите на нивната партија биле тие кои што можат да ги водат работите напред или да одговараат за спроведување на политиката.

Не, напротив во Република Македонија во администрацијата, па и овде во Собранието има луѓе што се многу години овде и што знаат да си ја вршат работата и кои што овој процес или ова Собрание или оваа седница не може да се одвива без нив, ниту претседателот на Собранието, ниту потпретседателите и ние пратениците, или кога ќе дојдат прв ден можат да ја постават или да ја тргнат работата до колку не постојат стручните служби кои што се грижат за тоа без разликаод која политичка партија навиваат, членови или симпатизери се. За жал филозофијата дека мора да дојде до смена на сите затоа што тие треба да спроведат политика е погубна, затоа што никогаш нема да спроведеме вистинска реформа на јавната админситрација, никогаш нема така да го зајакнеме капацитетот на јавната админситрација и секогаш во однсо на тој сегмент ќе добиваме негативни оценки од Европската комисија.

Во услови кога пишуваме или се пишув аизвештајот за тоа каков е напредокот на Република Македонија вакви изјави апсолутно во одбрана на ваков закон, апсолутно се несоодветни и несериозни.

Од друга страна амандманот кој што се обидуваме да го претставиме или да го оправдаме кај парламентарното мнозинство не наиде еве цел ден, Владата не најде сила да ја потполни табелата на усогласеност, изјавата на усогласеност со табелата на кореспондентност за да погледаме навистина дали во препораките од разни програми, дали се тие од Греко програмите, дали се од Антикорупциската иницијатива на патот за стабилнсот се исто, но некои препораки фалат да бидат забележани до колку сакаме да мафтаме со европското знаменце зад овој закон. Се додека таа табела не биде потполнета и таа

изјава на усогласеност е празна тогаш останува дилемата дали овој закон ги содржи главните одредби и препораки што се дадени.

Беше кажано дека дискусијата се претворила во чаршиски муабети, шпекулации и полувистини. Ниту мислам дека потпретседателот на Владата е шпекулација дека е во брак со директорот на Управата за јавни приходи, ниту мислам дека е шпекулација или полувистина дека братучедите на господинот премиер е директор на Дирекцијата за безбеднос ти контраразузнавање или висок советник во Царинската управа.

Кога зборуваме зошто овој амандман треба да биде прифатен, даваме примери кои се ниту полувистина, ниту шпекулации, туку се факти, или пак и самите, луѓето колку години живеат во заедница, а мислат дека се шпекулации. Затоа мислам дека овој амандман, уште еднаш ќе повторам, во овој момент одговара на владиното мнозинство затоа што тоа има поставувано кадри кои може да ги оправда со овој амандман, а тоа е дека врз база на професионалната, стручната подготовка и искуството, заслужуваат да бидат на некоја позиција. Овој амандман може да ги оправда некои, не може сите, но може да оправда дел од тие именувања. Затоа зачудува зошто за три месеци Владата ретерирала од зборот непотизам и од имплементација во законска форма, како посебен член во законот за спречување на интереси, иако реков симптоматично е тоа што коинцидира со листата од 4 страници што СДСМ ја испрати до Државната комисија за спречување на корупција со примери на непотизам.

За жал, не сме 2003 година, 28 август кога тогашната Државна комисија за спречување на корупцијата и нејзината претседателка се заблагодарија на прес-конференција и на новинарите за откривање на случаите поврзани со непотизам во Република Македонија. Не сме 2002 година, декември и февруари 2003 кога господинот Ѓорчев како претставник тогаш на ВМРО-ДПМНЕ, зборуваше за низа имиња на непотизам. Но, работите, очигледно, се менуваат, но на полошо. И тогаш од експертите беше кажано, иако малку потивки, или сега Државната комисија за спречување на корупцијата се уште чекаме да одговори на писмото од 25 јануари што го упативме до нив. Дали се уште, како што тогаш сметаше Државната комисија за спречување на корупцијата, проблемот на партизацијата на администрацијата и непотизмот во јавната администрација се една од клучните карики за забавување на напредокот на Република Македонија, или пак дали се уште господинот Иванов смета дека “поентата е дека политичките партии се претворени во родовски друштва на чело со племенски водач” и дека во партијата ако има племенска структура тогаш ништо друго не може да се очекува ниту во државните институции. Затоа, не случајно, кога зборуваме за овој амандман, за непотизмот, асоцираме на случувањата и во ВМРО-ДПМНЕ. Или пак господинот Панде Лазаровски, советник на претседателот на ВМРО-ДПМНЕ во 2003 година сметаше дека фамилијарноста е меч со две острици и кажа “кога има навика да се постапува така тогаш тоа доаѓа во спротивност со јавниот интерс. Партиите се претвараат во претпријатија кои треба да донесат одредена добивка за оние што се во игра. Потребно е инвидуално вреднување, но и да се спречи фамилијарноста да се вулгализира”.

Останува дилемата зошто сите овие експерти и советници на премиерот се изгубија деновиве и нема глас од нив за тоа дали или не оваа Влада почива на непотизам, дали разрешувањето на тогашните функционери, Рубинчо Заревски, или пак повлекувањето на дел од функционерите, дел од блиските роднини на функционерите од ЛДП и на сегашен ДОМ, беше победа или пораз, од оваа перспектива на демократските процеси во Република Македонија.

Прифаќајќи го амандманот што е предложен, ќе им помогнеме на квалитетните, вредните и стручните луѓе кои не се виновни што имаат роднини во политичките партии, а ќе го заостриме мониторингот кон оние што надвор од процедурата се оставени на некои места. За жал, законот ќе се усвои и потоа ќе се види ефектот од неговата имплементација. Се плашам дека во овој момент има политичка волја со личен пример да се тргнат блиските роднини и навистина на се одреди искрената намера на предлагачот како ќе се справи со непотизмот како едно зло или битна компонента во решавање на борбата против корпупцијата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Благородна Цветковска, повелете.

**Благородна Цветковска:** Благодарам претседателе, почитуван министер за правда, почитувани колеги пратеници.

Вчера цел ден водиме дискусија околу амандман поднесен од пратеничката група на СДСМ, амандман поднесен од опозиција.

Овој амандман е поднесен со една единствена цел да се подобри текстот на предлог законот за судир на интереси.

Јас нема да почнам од начелото како е предлогот на амандманот даден од наша страна, меѓутоа од вчерашната дискусија, ќе започнам со тоа што е непотизам, а што е судир на интереси, треба точно да се дефинира, затоа што постои непотизам во повеќе линии и тоа роднински, пријателски, етнички.

Посочувањето од ВМРО-ДПМНЕ на примерот во Полска со браќата близнаци како премиер и претседател и примерот со таткото и синот Буш, како претседатели на Америка, се согласувам дека не е непотизам. Тие се избрани од народот на непосредни избори, но класичен екстремен непотизам е да поставиш братучед на чело на

Државна безбедност или на високо место во царина. Екстремен непотизам е и поставување на сопругот на вицепремиерот, на чело на Управата за јавни приходи, прв даночник. Или ако сакате попрецизно, Груевски е избран на непосредни избори, но неговите роднини не се. Значи, непотизмот по правило го произведува оној кој е на власт односно тој ги дели привилегиите на своите луѓе и ако мнозинството односно власта сака овој закон навистина да се справи со непотизмот, треба да го прифати амандманот што го предалгаме. Тој амандман попрецизно ги дефинира.

Во член 3, во алинеа 7 се додава нова алинеа 8 која гласи: “непотизам во смисла на овој закон се подразбира повластување на блиски лица или одлучувањето и влијанието во добивањето на раководни работни места и функции на сметка на други лица кои треба да имаат првенство поради знаењето и стручната подготовка за извршување на тие раководни места и функции”.

Сметам дека овој амандман навистина го наоѓа правото место со цел да се подобри текстот, со цел да се справиме со непотизмот и навистина во тој случај ќе можеме да зборуваме за квалитет во сите институции во Република Македонија, квалитет на личности, а не роднини пријатели и партиски вработувања.

Постојат многу примери на непотизам. Ги наведов само на првиот и вториот човек на Владата. Ако продолжиме понатаму, на пример третиот човек во Владата вработи роднини на државни универзитети, постои носење на проекти како што е Карго аеродромот во родното место на моќна владина групација, иако тоа место не ги исполнува условите. Се назначуваат роднини на колеги пратеници во управни одбори и на државни, но и на приватни институции. И тука има непотизам. И уште во многу примери, во изминатите 9 месеци, а замислете понатаму.

Предлагам да го изгласаме овој амандман како што е поднесен од пратеничката група на СДСМ, во интерес на квалитет, во интерес на подобрување на текстот на законот, во интерес на сите институции, подобро функционирање и подобри резултати за оваа мала македонска земја.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Кондарко, повелете.

**Борис Кондарко:** Благодарам.

Имаме ситуација кога Владата на Република Македонија ќе започне некој законски проект со образложение дека е тоа голема рефорама и дека е нешто ново во Република Македонија, за да си го препише себеси како заслуга, а потоа зависно од нивната политика и зависно од партиските интереси на владеачката партија се прилагодува додека дојде конечната верзија на законот во Собранието .

Многу е симптоматично зошто Владата така постапува. За цело време додека трае дискусијата по овој амандман за непотизмот, и вчера и денес не добиваме контра одговор, контра аргументи од претставникот на Владата. Добивме некои образложенија од пратениците од владеачкото мнозинство кои ќе ги искоментирам подоцна, меѓутоа прво да се позанимаваме со Владата.

Овде пред мене е текстот, драфт верзија на Министерството за правда. Значи иако овој документ не е официјалне документ кој е влезен во собраниска процедура, сепак тоа е документ на Министерството, кој пред да влезе официјалниот текст на законот во Собранието е доставен на разгледување за забелешки и сугестии на политичките партии што е добра пракса и така треба да се соработува меѓу Владата и опозицијата кога се носат значајни закони.

Овде во оваа условно речено прва верзија, или замисла на Министерството, бидејќи не е официјална, на страна 2 во член 3, не знам која алинеја по ред, со болдирани букви стои: “непотизам во смисла на овој закон се подразбира овластување на роднини (блиски лица) во давањето, влијанието, одлучувањето во добивањето на раководни места и функции за сметка на други лица кои треба да имаат првенство, знаење и стручна подготовка за извршување на тие раководни места и функции”. Значи тоа не го напишало СДСМ, не го напишала опозицијата. Тоа го предложило или го замислувало самото Министерството за правда, меѓутоа како понатаму поминува времето ќе еволуира и Министерството за правда и Владата и ќе се смени приказната. Што се случува понатаму? Значи, драфтот е од јануари, така стои на насловната страница. Веднаш после тоа, исто така, Скопје, јануар 2007 година, Министерството за правда го доставува во Собранието законот во прва фаза. Значи веќе зборуваме за официјален текст на законот.

Сега како што го прочитав пред малку од драфтот, во членот 3, веќе не постои, туку има некоја модификација која е ставена во членот 7. Значи тоа е првата фаза на законот. Сега ќе го прочитам и членот 7 кој вели: “службеното лице не смее на било кој начин да ја искористи својата положба и да влиае врз одлукат на законодавната, извешната и судската власт заради постигнување на лична корист, или унапредување на блиски лица (непотизам), привилегија или право да склучат определена правна работа или на друг начин да влијае на себе или за друго лице, врз лицата од членот 3 став 1 алинеа 5 од овој закон”. Се мисли на блиските лица, членот 3, поимникот на законот каде се дефинирани што се тоа блиски лица. Дури оваа верзија на одредбата во членот 7 од правата фаза од законот, звучи уште појако, поуверливо, попрецизно, посеопфатно во однос на санкционирањето на неопотизмот и дефинирањето на непотизмот. Меѓутоа, тоа се случува во јануар. Во април, во втора фаза ни

доаѓа законот за спречување на судир на интереси, еве го законот и сега господа од Владата кажете ни дали ние нешто читаме, или не знаеме да читаме, дали ние сме слепи при очи. Зошто не постои ниту во членот 3, ниту во членот 7 и што се случи за три месеци, Владата да се повлече, да се предомисли, да го тргне скрос непотизмот, дефиницијата и санкционирањето на појавата на непотизам, од овој закон. Значи, ако можеме да кажеме дека основен приорите на Владата е борба против криминалот и корупцијата, еден од главните закони кои се однесуваат на исполнувањето на тој приоритет на борба против корупција е токму носењето на овој закон за спречување на судир на интереси. Една од главните манифестациони појавни форми на можниот судир на интереси е токму непотизмот. Зошто непотизмот не постои во овој закон каде што му е местото. Која е смислат на борбата против корупцијата, спречувањето на судир на интереси кога најголема опасност на судир на интереси произлегува токму од евентуален непотизам. Се разбира не е веќе евентуален, зборуваме правнички, меѓутоа во праксата за оваа Влада овој термин, евентуален, не е евентуален туку реален непотизам, затоа што оваа Влада води непотистичка кадровска политика. Значи тоа се фактите на кои, господа, немате одговор и сакате со молчење овде да си го одработи овде опозицијата, да си кажете - караванот врви кучињата лаат и да си го изглсате овој закон по ваша мерка.

Меѓутоа, за да бидат апсурдите и парадоксите уште поголеми во услови кога министерот за правда, како претставник на Владата овде во Собранието молчи на аргументите на опозицијата, во текот на расправата се јавија некои од пратениците од владеачкото мнозинство кои кажаа вчера дека, замислете СДСМ, навистина крајно апсурдно, според нив, СДСМ наводно го кочела со овие амандмани со одложувањето на втората фаза, заради грешка на Владата, затоа што го пречекори рокот од 60 дена деловнички, затоа СДСМ е виновник го кочела донесувањето на овој закон. Која демагогија е тоа ве молам. Ви реков и вчера, си ја сечете со овој закон гранката на која седите. Овој закон е закон за власта. Кај опозицијата нема функции, нема моќ, нема власт, нема непотизам.

Можеби е ова апсурдно, сакаме да ви помогнеме да со овие амандмани имате пообјективни законски решенија што ќе се применуваат попрецизно и ќе се толкуваат не волонтаристички, за да нема никакви неосновани етикетирања или злоупотребување или обвинувања од опозицијата кон власта. А ние сме опозиција, вие сте власт. Ние можеме да го користиме овој закон и вашите слабости против оваа власт.

Ако сакате веќе да зборуваме за апсурди, можеме и ние да ги извртуваме тезите и да кажеме, ако вие сметате, хипотетички, дека ние го кочиме донесувањето на овој закон, а овој закон е наменет против власта и против оваа и против било која, тогаш на некој начин би требало да ни бидете, карикиран, и благодарни затоа што го кочиме. Се разбира, дека тоа не е така. Само сакам да го покажам апсурдот на вашите тврдења во недостаток на аргументи со какви извртувања на тезите се служите во оваа расправа.

Понатаму, говоревте дека ние сме ја критикувале Владата, дека празни зборови, дека сме немале аргументи. Да не сакате евентуално да ја фалиме Владата? Навистина, не ми е јасно тогаш зошто е постоењето на опозицијата. Ќе ја фалиме за она што е од интерес на сите граѓани, што е од интерес на државата Република Македонија, на напредокот, на рејтингот, итн., итн.. Меѓутоа, ќе ве критикуваме за она што го правите за да си ги зголемите или заштитите вашите привилегии. И, токму тоа го правиме сега. И не само вашите. Утре, на било која власт. Работите се менливи, знаете. Меѓутоа, законот мора да се применува подеднакво и непристрасно за сите.

Понатаму, беше говорено дека не ви се допаѓале вашите дискусии. Не ни очекуваме да ви се допаднат, затоа што вие сте засегнати од дискусиите. И сега, би го прашал министерот за правда дали, нормално, како претставник на Владата за овој закон, дали како поранешен член на Антикорупциската комисија, дали како поранешен на Антикорупциската комисија и пред се како човек кој се борел против непотизмот кога ВМРО ДПМНЕ беше во опозиција, ајде ова да го прифатам и како коинциденција, а не како политичка позадина, меѓутоа тешко да го прифатам како коинциденција, затоа што тоа се случуваше во времето кога ВМРО ДПМНЕ беше опозиција, а сега кога ВМРО ДПМНЕ е на власт, токму првиот антикорупционер кој беше независен, непристрасен и професионален за борба против непотизмот на СДСМ, сега стана министер за правда. Е сега, дали како министер за правда ќе ја искритикува сегашната Антикорупциска комисија, што ја избра ВМРО ДПМНЕ, зошто не постапува повеќе од три месеци по дописите, што ги бараше самата Комисија од СДС, што ги достави официјално на 25 јануари о.г. за можни или според нас евидентни случаи на непотизам од оваа Влада на избрани и именувани лица блиски на Владата.

Зошто молчи сега министерот за правда? Затоа што, ако навистина е доследен за оваа работа, треба да биде принципиелен и јавно да се обрати, да побара од Антикорупциската комисија да постапува. Ако не го смета тоа мешање за независноста на работата на Антикорупциксата комисија?! Ова го кажувам затоа што имаше и до сега случаеви, токму на министерот за правда, бидејќи и член во Судскиот совет по функција, сега ќе биде и во Обвинителскиот совет, член е во Буџетскиот совет, во Академијата за обука на судии и да не набројувам понатаму, да се појавува во јавноста и од позиција на неформален претседател на Судски совет, и на други

институции кога треба да ја одбрани или заштити власта или кога тоа и одговара на власта, а сега, кога се работи за непотизмот на оваа власт, молчи и воопшто не ја прозива Антикорупциската комисија зошто не постапува 3,5 месеци. А, ако некој знае што е непотизам, тоа е токму министерот за правда, за тоа што бил член на Комисијата, затоа што е и министер за правда и многу добро му се познати законите.

Понатаму, министерот за правда вчера, недозволено, скандалозно изјави, не знам дали свесно или несвесно, во обид да ја заштити Владата, дека во недостаток на аргументи зошто нема да го прифати нашиот амандман, да се врати непотизмот, што Владата го предвиде во првата фаза, изјави дека ова што го предлагаме ние од СДСМ во текстот на амандманот, замислете, не е доволно. Па, почитуван министре, ако не е доволно, со тоа правите дупло голо. Од грешка во грешка. Признавате дека има потреба да постои одредба за непотизмот, а не се согласувате тоа да го ставите. Или, ако не ви е доволно тоа што СДСМ го предложило, тогаш зошто вие не го надополните и еве заеднички да се усогласиме, да ја вметнеме одредбата за непотизмот во Законот. И, на крајот, за апсурдот да биде поголем во оваа ситуација, како може да не е доволно, кога ние во амандманот го имаме пресликано буквално вашиот текст од првата фаза. Тоа што вие сте го напишале. Ништо не измисливме. Не измисливме мокра вода. Се тепате со сопствените аргументи. Можеби затоа и ссе молчи овде во Собранието.

И, што е она што ја натера власта да реферира и да го снема непотизмот од јануари до април? Дали, можеби, коинцидираше претставката на СДСМ до Антикорупциска комисија на 25 јануари, а првиот текст на законот предложен од Владата, што го содржеше непотизмот, беше можеби некој ден пред тоа во месец јануари доставен до Собранието, па беше доцна за преправки, па затоа го одложивте и го направивте во втората фаза скроз да го избришете непотизмот.

Исто така, беше кажано од владеачкото мнозинство дека во Република Македонија, па и во ова Собрание, дека ако се примени оваа одредба и ако се прифати овој амандман да постои во Законот за спречување на судир на интереси непотизам, дека можеби немало, замислете, ни илјада лица да можат да се занимаваат со политика. Навистина, со тоа повторно се демистифицираат вистинските состојби и тоа од страна на владеачкото мнозинство.Затоа што со една таква изјава директно се признава постоењето на непотизмот во Република Македонија. Затоа што непотизмот не го прави опозицијата. Опозицијата не може да именува, да разрешува и да дели функции, моќ. Опозицијата нема власт. Вие тоа го правите, Владата.

И сега, јас не знам дали си ги препрочитувате дискусиите, дали си ги анализирате, дали во партијата во сугерираат или само ќе ви кажат ајде, затоа што нема никој, претставникот од Владата молчи, па сега пратениците да кажат нешто. Треба да се мисли што се говори, затоа што нам ни правите услуга. Ги употребуваме вашите аргументи контра вашите тези. Сакајќи да ја одбраните Владата, правите лоша услуга.

На крајот, зошто, бидејќи се повикувате постојано на реформите што се потребни за побрзо членство, исполнување на условите за ЕУ, зошто го злоупотребувате европското знаменце на овој а и на други закони, дека е приоритет? Приоритет е овој закон дека Република Македонија, за да се справиме со судирот на интереси, со непотизмот што го продуцира оваа Влада, затоа што на Европа и на ЕУ не и требаат вакви непотистички влади или слушнав некои термини модифицирани што ги употребуваат поединци “концентрација на моќ”, не знам, можеби ќе треба и тој термин да го вметнеме, за жал, немаме таков амандман. Меѓутоа, може да предложиме не само амандман, можеме да предложиме цел нов закон за судир на интереси гледајќи што се нема правено оваа Влада преку свои блиски поединци.

За знаменцето на ЕУ, и тука молк. И тука нема аргументи. Каде е во прилог на овој закон таа табела на усогласеност, како ја нарекувате Кореспондентна табела. Да видиме на кои препораки вие сте се повикале и кој вам ви препорачал да го бришете непотизмот.

Ова да се случи, со ова сакам да ви кажам не дека ја потценувате само опозицијата. Најмал проблем е опозицијата. Институцијата Парламент ја сведувате, тоа сме го рекле повеќе пати, на нужно зло, што само треба некоја бирократска процедура да помине, да се изгласа на Владата, со молчење на опозицијата, со стискање на зеленото копче, а опозицијата, по можност, помалку да зборува и да критикува, ова да се случеше во некоја друга владина институција или во самата Влада, да се повикувате на европско знаменце, а да не доствите во прилог документ и да го поткрепите, да го образложите тоа во Владата уште на портирница, уште во архивата ќе ве исфрлеа.

Што направивте вие од Парламентот? Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Збор има госпоѓа Јагнула Куновска, повелете.

**Јагнула Куновска:** Навистина, почитувани пратеници, почитуван минисер, немав намера да зборувам. Меѓутоа, ова што еве последниов ден го слушаме од опозицијата, а тоа се луѓе кои речиси секој ден, 5-6 од нив, па недај боже и по 2-3 пати зборуваат и секогаш едно исто и обвинуваат озгора дека некој молчи и дека не им одговара на нивното зборување, сакам да им кажам на што да дадеме одговор?

Еве, последниот дискутант да го земам. Зарем сите што слушавме, не ми беше јасно дека некоја лична пресметка има и тоа без почит, без да

кажам никаков усул се обраќа на министер кој е дојден во овој Парламент да брани закон и тоа лично, како на физичко лице. И уште озгора му вели - молчиш, давам аргументи а немаш одговор на нив.

Сакам да прашам, како што велат сакаме да помогнеме на само за овој закон, за сите. Со “исти аргументи” тие се борат и предлагаат. Вели сакаме да помогнеме. Па како помагаат тие со извртување на работите, ве молам, дали се тоа нивните аргументи и со држење на предавање. Па, слушаме безброј пати секој од нив сака да каже и да се покаже и да даде своја дефиниција што е непотизам, што е судар на интереси. Па благодарам, јас барем. За тоа има дефиниции и секое релативизирање на тие дефиниции е само личен став нивни поединечен и ништо повеќе.

Сега кога тие лични нивни ставови се со агресивен набој и со цел да се игнорира другиот за да се избие во редот пред него, е многу опасно. Во овој Парламент значи се случуваат опасни работи кој што нас опозицијата ни ги потпира ни ги наметнува, а ние треба како Парламент овде, тие нивни наводни платформи да ги прифаќаме и да ги спроведуваме нивните лични и политички интереси. Па не е наивен ни народот кој што се ова слуша секој ден. Ве молам, едно исто лице кое што се јавува секој ден во Парламентот, некогаш и по два и по три пати, не може ништо ново да каже. Може само да се повторува.

И затоа велам ова што опозицијата се обидела да придонесе како што вели со свои амандмани со свои дискусии за подобар закон, и воопшто во правецот кој што секогаш тие велат дека е за подобрување на работата на овој Парламент, дефинитивно е само нивна повторка во секојдневиот токму во секојдневниот обид за било која тема кога зборуваат едно исто да зборуваат и да се пресметуваат, што ми е мене многу досадно и одбојно, со ВМРО, ве молам.

Дали ние другите овде сме должни тоа да го слушаме секој ден истото. И на тоа се надоврзуваат и само праќаат пораки на премиерот да ја омаловажуваат Владата, несвесни дека велејќи дека придонесуваат за доброто на Македонија, ја кочат работата на ова Собрание и ја брукаат Македонија. Тоа треба да се свесни.

А овој народ кој што ги слуша и како што пред малку се повикаа некои дискутанти, во името на народот, не е глупав. Низ се ова ги гледа нивните лични и партиски интереси, а денеска токму имаме закон пред нас Предлог на закон за спречување на интереси. Како ве молам тие ќе дадат свој придонес, сакаат да спречат интереси, судир на интереси, е бликаат со сите зборови нивни со личен и со партиски интерес.

Јас, треба да знае опозицијата дека овој Парламент, ова мнозинство тука не е да ја спроведува нивната платформа, пред се лична и партиска.

Овој Парламент има своја агенда. Овие минисри кои доаѓаат како претставници од Владата имаат свој патоказ. Овие закони кои се даваат се гаранција од оваа Влада дека оваа држава ќе оди напред. Може да се рече, ете може да се стори напор да се даде некој придонес за да бидат и подобри и поквалитетни законите и поведро да се работи во Собранието, но не на овој начин како што слушаме.

Јас ќе кажам доста е со лична и меѓусебна пресметка. Доста е ние вака правевме, вие во ВМРО вака правите. Па, овој Парламент не е само ВМРО и СДСМ, и тоа дел од СДСМ. Ако забележите само 10 души се секој ден. И, од тие 10 души, 6 души како што пред малку реков по 2-3 пати дискутираат. Овој Парламент има друга намена. Целта на овој Парламент е друга, а не тоа што тие ни го промовираат и како што велат во интерес на државата и во интерес на Народот.

Јас апелирам во иднина, еве, благодарам на мојот комшија од Маврово, што ми се заврти, вака убаво да ми се насмее, во првиот ред, сега дојде, да, меѓутоа, секогаш кога ќе дискутираат, малку себе да се стават поназат, интересот на оваа држава, не да се ситат кога велат дека имиџот лош. Не да придонесуваат имиџот да биде лош, туку навистина консруктивно, како што доликува на парламентрци да се грижат за себе, а тоа е за државата. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Ве молам, кои се за реплика?

Претпоставувам господин Борис Кондарко, за реплика, госпоѓа Славица Грковска?

Господинот Кондарко за реплика, а госпоѓа Славица Грковска за збор.

Госпоѓа Цветанка Иванова, за збор.

Госпоѓа Младеновска, за реплика, значи втора реплика.

Господинот Макрадули Јани, за реплика.

Тоа значи дека репликите ќе одат по овој редослед, прво господинот Кондарко, потоа госпоѓа Мери Младеновска и на Крај господинот Макрадули Јани.

Повелете по тој редослед, вашите три минути господине Кондарко.

**Борис Кондарко:** Благодарам господине претседателе.

Значи ако е проблемот во ова Собрание дека на некого му е досадно нешто може да не не слуша или да ја напушти салата. Не може да биде правото на говор, а уште згора на тоа, без усул, како што некој вика, или некој од некого да бара одобрение или дозвола за да говори. Ние не говориме према никого ништо лично. Овде се обраќаме на Владата. Господинот министер е претставник на Владата. Имаме легитимно право да полемизираме а вие да не се согласувате или да се трескате од земја колку сакате, меѓутоа, не може да ја нарекувате, само заради тоа што опозицијата ве критикува дека е опасна опозиција.

Не сме знаеле дека сме толку опасни за државата.

Понатаму, јас навистина мислев кога се јавивте, ајде да оладиме малку, ВМРО дека многу сме го критикувале, со вас да се позанимаваме. Ова што го говоревте дека господинот Маневски ве ангажирал за личен адвокат, па и тука да најдеме некој непотизам, или можеби очекував да проговорите за вашиот личен непотизам. Дали тоа е цената со која ја поддржувате оваа Влада. Значи, дали можеби вие директно сте засегнати па толку грлато го браните овој закон и не дозволувате да се вметне поимот "непотизам". Навистина ова е симптоматично и би апелирал без нервоза, без лични, условно речено интереси тука ако сакате да заштитите да не ја напаѓате опозицијата и да не ги омаловажувате останатите пратеници. Ние овде сме за да го кажеме своето мислење. Ако не ви се допаѓа, тоа е ваш проблем. Наше право е да говориме, за среќа сеуште не ни се ограничени дискусиите според новиот демократски деловник на власт. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Контра реплика има госпоѓа Јагнула Куновска. Повелете вашата минута госпоѓа Јагнула Куновска.

**Јагнула Куновска:** Значи колегата Кондарко секогаш се покажува како мајстор за извршување на работие. И него не вреди некој да почне да му докажува не реков вака, или реков онака.

Не ме навредува воопшто што ме прави адвокат, или било на кого, јас сум по професија адвокат, но најмалку на министерот му треба некој адвокат затоа што умее сам и да каже и да докаже, а не треба никогаш да се брани. Имено, тоа беше. Министерот е дојден тука како челник на една институција, на еден ресор и вие неможе него да му се обраќате речиси по име за ова или за она, кога бил некаде на комисија, или не бил. Има начин на обраќање. Мене ми смета, тука сме ние парламентарци.

Исто не сакам мене лично да ми се обраќате за било што. Ние сме дојдени овде за лични обраќања и разидувања. Министерот е дојден да го брани законот. Вие за законот што имате кажете.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам, благодарам.

Реплика има госпѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска. Повелете вашите три минути.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Благодарам господине претседателе.

Со жалење констатирам дека навистина дел од колегите во Парламентот не ја разбираат суштината на парламентарната демократија и дека Парламентот е место каде што треба да се дебатира, да се искажуваат политичките ставови со цел да се влијае позитивно на законодавството кое ќе важи за сите граѓани на Република Македонија. Токму затоа сме ние пратеници, треба да покажеме и да имаме респект спрема граѓаните кои гласале за различни политички опции. Во случајот СДСМ се работи за 217 илјади гласови на граѓаните и треба нас да не гледат кеко претставници на овие 217 илјади граѓани, а не како поединци да не броите на 10, на 5 или на 6, туку на бројката што стои зад нас, зад овие пратеници што седиме во салата овде од десната страна. Сето другио значи рушење на демократските принципи, рушење на парламентарната демократија, што сметам дека не е во ничиј интерес. Наше право е да даваме амандмани во една демократска процедура, но за жал од позицијата се нарушува таа демократска процедура заради тоа што скоро никогаш, ама баш скоро никогаш не се случува да го имаме на располагање бројот на денови за поднесување на амандмани, што ни го гарантира Деловникот, туку заради скатувањето на роковите и итното носење на закнои што го преферирате како начин на работа и на Владата и на парламентарното мнозинство тие рокови се еден, некогаш два дена и за жал се потврди тоа што јас го зборував во текстот на еден друг закон дека очекувам на 1 јуни да има седница на Владата со скратени рокови за поднесување на амандмани за 27 изминатата недела за да може тие рокови да течат кога има празници, но еве имаме не на 1 јуни, туку имаме на 30, што е уште потрагично од тоа што го претпоставува, седница закажана утре со скратување на рокови, со итни точки само за да се замолчи опозицијата. Тоа не е во ничиј интерес. Ако имаме доволно време на располагање за да поднесуваме амандмани тие ќе бидат уште поквалитетни и треба навистина да го гледате тој наш придонес во подобрување на текстот на законите, бидејќи тие закони кога ќе излезат од Собранието, кога ќе се објават во Службен весник стануваат дел од позитивното законодавство на Република Македонија, од позитивните прописи и ќе се применуваат. И ќе биде помалку важно дали овде еден или друг зборувал за или против, ако се покаже во пракса дека лошо функционираат имаат правни празнини, во случајов терминот непотизам не е соодветно дефиниран, тоа ќе дојде на контото на власт.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Реплика има господинот Јани Макрадули.

Повелете вашите три минути.

**Јани Макрадули:** Благодарам претседателе.

Прво, морам да реплицирам како координатор на пратеничката група на СДСМ во одбрана на пратениците, што мислам дека и вие требаше да го направите.

Овде по професија сите сме пратеници. Некој ако мисли дека е по професија адвокат, залутал овде, инаку ние сите сме вработени како пратеници и сите се трудиме согласно своите можности да си го одработиме, да си го заработиме личниот доход, или платата. Секој на свој начин. Ако забележувате на тие десетина луѓе од СДСМ што

зборуваат, да ве потсетам дека без тие десетина луѓе од СДСМ не ќе можеше да се донесе ниеден закон во последните два месеци каде што се носат вкупно со 64,60 луѓе. Ако не се тие десетина луѓе од СДСМ да поднесат амандмани не е можеа да се прифатат и толку амандмани за да се подобрат законите.

Освен што сакам да ве потсетам дека по професија сте пратеник, на работно место овде во Собранието на Република Македонија, сте и, сме на законот за спречување на судир на интереси каде што не смее приватниот интерес и личниот интерес да надвладее над јавниот. Тоа значи дека Адвокатската канцеларија од која што доаѓаме не може со непосредна спогодба да се склучи договор со ЕЛЕМ и МЕПСО, во органи именувани од Владата на Република Македонија и со тоа да добиеме одговор на пратенички прашања и да тече Вардар како ништо да не се случило. Ако некој не може и не смее да зборува и нема кредибилитет да зборува за овој закон тоа сте вие, бидејќи со овој закон Адвокатската канцеларија што ја застапувате вие, или синот во ово момент не може да направи таков договор, каков што го направил МЕПСО и ЕЛЕМ за застапување на правните интереси. Затоа оставете ги пратениците на СДСМ да си ги бранат амандманите, да го убедат парламентарното мнозинство, а кога ќе почне да се имплементира овој закон, осмиот ден, тогаш ќе дискутираме дали Адвокатската канцеларија Куновски можела да склучи непосреден договор и дали е тоа победа на личниот интерес над приватниот интерес. Јас мислев дека само Ташковиќ е дојден за остварување на лични интереси во Република Македонија, но гледам дека имало и други што сакаат тоа да го направат. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Контра реплика има госпоѓа Јагнула Куновска, повелете.

**Јагнула Куновска:** И последниот пратеник и претпоследниот само празнозборие и плиткозборие кое што секој ден се повторува од нивните усти. Тоа што сега го слушнавме, го слушнавме и вчера, завчера, и кој се фали дека они придонесуваат тука во ова Собрание да се изгласаат закони и да се подобри квалитетот на закните јас ќе го прашам. Јас не реков дека сум адвокат овде, но мојата професија останува адвокатска. Која е неговата јас го прашувам. Со проштење да се алапачи секој ден без аргументи, само да се напаѓа ништо друго, а која е нивната работа тука. Тие се парламентарци и тие треба овде да работат паралелно со сите други. Нивната работа не е само празнозборие.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Ве молам, добро е да имаме интензивна дискусија...

(Реакција на пратениците на СДСМ).

Не ми упаѓајте во збор ве молам, добро е да имаме интензивна дискусија, задирка но треба да внимаваме по малку и на својот речник, како и на својот тематски ангажмани.

Затоа ве молам да се примириме, со помалку нервоза, ги приведовме кон крај репликите и контра репликите, чекам за да направам една сума, да поминеме на делот на говори во кои навистина и на говорниците ќе им треба спокојство и концентрација и да се слушаме. Ве молам не ми упаѓајте во збор пред да ја завршам реченицата.

Ете, се провлекоа разни работи, дури и некои еротички, но добро, Господе Боже луѓе сме. Сега продолжуваме.

Повелете господине Макрадули процедурално.

**Јани Макрадули:** Почитуван претседателе, процедуралната забелешка е до вас.

Значи, ние ќе поверуваме на овие добри желби доколку до пред еден час немавте или не одглумивте претстава на едноминитно молчење, затоа што некој во кабинетот е поврзан со некој пратеник и некој тоа го кажува. Морате да реагирате на ваквотон иско ниво на дискусија од страна на пратеник на Собранието на Република Македонија, без разлика што од НСДП поминал во партија што е блиска до вас. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Имено јас тоа го направив, само чекав малку од причини на проста, обично воспитание да се заврши. Избегнувам да упаѓам во збор на пратениците. Нека завршат па после ќе реагирам, но тоа е се добро.

Ја земам атнотам вашата забелешка. Тоа што го одмолчив една минута сакам да дадам овде една искрена изјава, броев до 60, затоа што по некои изјави заслужува да се брои до 60, и понатаму ќе правам такви паузи затоа што деловнички не се никаде забранети и тоа ми припаѓа. Можеби требаше здив да земам една минута, затоа што овде има некои изјави од кои треба цела минута да дојдете до здив.

Ве молам, значи пледирам да се смириме, да му дадеме збор на господинот Андреј Жерновски.

Повелете, молам да се сослушаме.

**Андреј Жерновски:** Благодарам претседателе.

Мислам дека требаше да реагирате на терминот што го употреби пратеничката, меѓутоа кога некој пратеник од опозицијата ќе соопшти овде дека не личи “за парламентарец да повикува или да му се обраќа на министерот”, тоа е фрапантна работа. За некој кој за себеси кажува дека долги години е во политиката, во овој случај прв пат во мандатот е страшна работа, трагикомична изјава. Дека во Парламентот не личи пратениците да му се обраќаат на министерот. Жалосно нешто.

Токму во тој контекст, цитат, немање усул и јас се јавив на крај, секако после мене се јавија други пратеници, јас напротив директно ќе му се обратам на минситерот, без разлика дали некој смета дека тоа е грешно.

Чекав на крај затоа што бев убеден дека после два дена упорно прозивање на две прашања, едно прашање од колегите на СДСМ, второ прашање од пратеничката група на ЛДП бев убеден дека министерот ќе одговори.

Јас уште еднаш, наивно можеби ќе го замолам да одговори на две прашања.

Јас се чувствувам непријатно а камо ли министерот кога молчи упорно на прашањето на пратениците. Затоа гоасподине министер вие сте предлагач на овој закон, овој Предлог на закон, сеуште не е закон, време е да одговорите прво на прашањето зошто е отстранет терминот "непотизам" односно терминот кој што го имаше во првата фаза, кој што вие лично го предложивте. Верувајте непријатно е да ве гледам од овде како гледате во знамињата на Република Македонија и на Европска унија и да не одговарате на ова прашање.

Второто прашање кое што ви го поставив и упорно ќе чекам да одговорите е дали по усвојувањето или изгласувањето и објавувањето на овој закон, веќе во тој момент еден од брачниот пар, вицепремиерката или директорот на Управата за јавни прихјоди ќе си замине од својата функција и дали еден од братучедите Груевски, или двајцата кои што се на функција ќе треба да ја напушти својата фотеља.

Дозволете, не би сакал да ме сфатите погрешно не ви личи ни на годините , ни на функцијата, ниту на автиритетот кој што го имате во кругот, јас ќе го признам тоа, ниту како човек кој што доаѓа пред да биде во Владата од првото место на Антикорупциската комисија, да молчите на овие прашања.

Јас сметам дека со тоа што молчите вие уште повеќе наштетувате на Владата и ги потврдувате аргументите на опозицијата. Би ве замолил да проговорите, јас тука веднаш ќе прекинам за да оставам простор за да одговорите на овие две многу, многу, едноставни прашања. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам. За збор се јави господинот министер за правда. Повелете.

**Михајло Маневски:** Господине претседателе, почитувани дами и господа пратеници,

Еве два дена слушаме едно исти дискусии, повторувања, се се говори, само не се говори за содржината на амандманот што е поднесен. Се говори за одредени политички, не знам какви други состојби, се говори за се и сешто, меѓутоа очигледно министерот за правда односно претставникот на Владата не е должен да одговара на такви искажувања на пратеници кои што немаат врска со прашањето што е на дневен ред.

Прво, апсолутно не е точно дека Владата во законот за спречување на судир на интереси го брише непотизмот. Непотизмот е напротив образложен во одредбите на Саконот и тој се наоѓа во неколку одредби од законот и подобро е образложен во член 4 и во членот 3 и во членот 6 и во членот 12, каде се споменуваат блиските лица.

Мислам дека пратеникот Жерновски влече од контекст само еден збор од членот 3, кој го цитира, меѓутоа во законот кој што беше предмет на расправа во Собранието немаше поим непотизам. Тој беше само како појаснување ставен во заграда во членот 3 тогаш, каде што се опишуваа состојбите, меѓутоа согласно тогашната расправа очигледно е дека сега одредбите од член 4 и одредбите од членот 5 и другите одредби даваaa многу поголемо и пошироко образложување на поимот непотизам и за влијанието на вработувањето и други погодности на блиски лица кога надвладејува приватниот и јавниот интерес.

Јас сакам да ви кажам отворено ниту ми дозволуваат, како што кажа пратеникот, ниту тоа што досега сум го работел, ниту моето искуство, ние не се криеме зад ќошиња. Таа работа одамна е надмината. Ние веќе застапуваме сосема конкретно и отворено. Ние сме отворени за соработка, отворени сме за одговорност, отворени сме за состојби кои што ги менуваме, отворени сме за конкретни резултати.

Во законот за спречување на судир на интереси е дел од политичките критериуми. На патот на Европа има ставено едно сандуче каде што пишува закон за спречувањ судир на интереси и тој закон ние треба да го ставиме во тоа сандуче бидејќи е дел од политичката програма за усогласување на националното законодавство со компатабилноста на тоа законодавство со европското законодавство. Мислам дека така треба да работите. Во врска со овој закон нема ни директиви, нема никакви други препораки и не е точно дека Владата го брише непотизмот. Како што се кажуваше досега во дискусиите непотизмот се врзува само за две прашања. Ништо друго не слушнавме од овие расправи освен она што на одреден начин беше повторувано не знам по кој пат и 100 пати.

Јас нема да се доведам во ситуација, а ќе го држам и дигнитетот на Владата и дигнитетот на овој Парламент, ќе одговарам на прашања кои што ќе бидат суштински, ќе одговарам на прашања кои што ќе знаат подобрување на текстот, ќе прифаќам амандмани, или ќе барам појаснување и ќе давам појаснување за она што треба да значи за функцијата, остварувањето и донесувањето на законите, квалитетно и одговорн, секако со потребната стручност. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас господине министре.

Сега да видиме кои се јавиле за реплики.

Според она што овде имам на овој дисплеј, на говорот на министерот за реплики се пријавија Мери Младеновска-Ѓорѓиевска, Андреј Жерновски, Јани Макрадули и Роза Топузова Каревска.

Три минути реплика за пратеникот Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Благодарам.

Очекував дека министерот во своето излагање што долго го очекувавме, конечно ќе ја каже вистината и на тој начин ќе му беше полесно и нему и полесно ќе поминеше и кај Владата и кај неговата политичка партија која очигледно има страв од дефиницијата за непотизам. Ќе му беше полесно ако признаеше дека законот во прва фаза кога беше пуштен во Парламентот и покрај тоа што новата Влада, оваа Влада направи одредени корекции во текстот кој го затекна во работна верзија од претходната Влада. Има некои работи кои во прва фаза пропуштиле да ги изменат и така пред нас имавме текст со дефиниција за непотизам, останат од претходната работна верзија изготвена од претходната Влада. Веројатно било доцна кога текстот ни беше пуштен во прва фаза, да се реагира, но еве откако министерот пропуштил да ја избрише оваа дефиниција во првата фаза, се соочуваме со таков предлог во втората фаза. Мислам дека нема ништо лошо да признаете дека од почеток не сте имале желба да го дефинирате терминот непотизам, отколку пак да кажете дека сте имале намера да го дефинирате во прва фаза, па сега сте се предомислиле. Значи ставот на ВМРО-ДПМНЕ е дека не треба да има дефиниција за непотизам, бидејќи тоа на многу начини ги засега позициите што ги имаат одредени функционери на ВМРО-ДПМНЕ.

Министерот кажа дека не е толку широка дефиницијата на непотизам, дека има други пошироки дефиниции за судир на интереси. Зошто тогаш се плашите од таа дефиниција. Еве и да се согласиме дека е така, иако не е така. Судир на интереси е едно, меѓутоа дефиницијата за непотизам е сосема нешто друго. Многу вешто ќе може ситуација на непотизам да се дефинира во пракса дека не значи судир на интереси. Токму за тоа ние бараме дефиницијата на овој термин да биде дел од законското решение. Меѓутоа, очигледно Владата, мнозинството се плаши од таа дефиниција и тоа треба да се признае.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам .

Повелете господине министре имате збор.

**Михајло Маневски:** Благодарам.

Пратеничката спомнува работна верзија. Работна верзија не е текст на закон. Пратеничката ако говори за работната верзија која таа ја правела, тогаш може да си го псотави прашањето зошто тој закон не го донесе. Дали тој закон не го донесе заради тоа што не им одговараше да се донесе, или затоа што не можеше да направи текст на закон како што го направи оваа Валда, собра сили, веднаш седна и направи текст на закон што го предложи пред Собранието. Ако говори за работна верзија, не сакам да зборувам затоа што работната верзија не е закон.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам министре.

Една минута контра реплика за пратеничката Мери Младеновска-Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска-Ѓорѓиевска:** Познато му е на министерот дека законот за судир на интереси помина во прва фаза. Од претходното парламентарно мнозинство беше подржан. Значи не само текст на работна верзија, туку многу повеќе од тоа. Но, и кога ќе наследи оваа Влада текстови, и треба скоро една година за да може тие текстови да се финализираат.

Што ќе стане со оние материи кои од почеток треба да се регулираат, тоа ќе го види македонската јавност.

**Љубиша Георгиевски:** Ако тоа мое упаѓање е воопшто релевантно за јавноста и за дискусијата што се води во овој висок дом, колку што јас се сеќавам, не сум консултирал речници, зборот непот на латински значи внук. Значи не вклучува некрвни блиски односи. Во таа смисла можеби треба да се направи попрецизна дистинкција.

Три минути за господин Андреј Жерновски, повелете.

**Андреј Жерновски:** Благодарам.

Мене ми беше многу драго кога видов дека се јави министерот затоа што е добро од време на време да каже нешто и предлагачот, но после дискусијата мислам дека ќе беше подобро да си одмолчи, бидејќи тоа што беше кажано е далеку од вистината.

Рековте дека ќе одговорите и јас уште еднаш ве прашувам, бидејќи вие знаете критиката што доаѓа, еве од Брисел ако сакате, бидејќи вие овде го ставивте знаменцето.

Тие велат, немате проблем како држава со носење закони. Имате проблем со имплементирање на законите. Да бидам реален, тоа важело и за претходните влади.

Затоа ве прашувам уште еднаш, откако ќе излезе тоа во Службен весник, почитуван министре, дали еден, немојте да ги одбегнувате одговорите, не е убаво, дали еден од сопружниците ќе си замине од фотељата и дали еден од братучедите ќе си замине од фотељата, според ова ваше толкување на законот што вие овде го предлагате. Многу едноставно ве прашувам и ве замолувам да дадете одговор, да кажете, да ќе се повлече некој, не, нема да се повлече, бидејќи ние сметаме дека не треба да се повлече. Ве молам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Следен за реплика е господинот Јани Макрадули, повелете ги имате вашите три минути.

**Јани Макрадули:** Реплика на министерот, претседателе, баш и во функција н аона што вие го зборувавте. Бараме дефиниција на зборот непотизам. Да биде вие што ја кажавте. Некој да ја напише за да се демистифицира тоа што се случува, да престанат обвинувањата во Република Македонија, од една или од друга страна. Да ја ставиме во законска рамка дефиницијата. Членовите 4, 5 и 6 ги објаснуваат

сите дефиниции кои се дадени во членот 3. Не е само зборот непотизам. Неколку има. Тоа само ќе помогне во функција на добивање на појасна слика.

Она што исто так аостана неодговорено, а што сега господинот Маневски се повикува, тоа е дека имало некое сандаче кај Европската унија, ама Европската унија, за да може да го уфрлите во сандучето законот, морате да ја пополните табелата, изјавата за усогласеност и кореспондентната табела морате да ја пополните. Инаку не ја собира во сандучето. Во таа табела ќе пишува дали одредбата, не мора да има дериктива како што велите вие, но зарем прашањето број два дали правниот пропис е во согласност со одредбите од Спогодбата за стабилизавија и асоцијација. Зарем толку е тешко некој да шкртне овде и да напише да. Знаеме дека е од Спогодбата за стабилизавија и асоцијација. Сме ги читале препораките и извештаите. Дали е усогалсено со изворите на правото на ЦЕЛЕКС, дали е усогласен со други изввори на правото, примарно законодавство, судска практика, судот на правдата на Европската заедница. Никој не вели дека изјавата за усогласеност е само за директивите. Додека не го пополните тоа, не го собира во сандачето. Или пак, стручна помош и мислење немате, а јас знам дека ТАИПС, техничката помош за размена на информации од одделот за изградба на институции на Европската комисија, работела на овој предлог. Треба да имаме почит спрема таа стручна помош што граѓаните одвојуваат во Европа за помош на земји како Македонија и барем да ги шкртнеме овде, да ставиме икс дека дале некои стручна помош. Барем таква почит да имаме, ако немаме кон македонската опозиција, барем кон оние што се грижат да се изградат институциите, а не да им залупуваме врата пред Влада на претседавачите на Евроспката заедница.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Еве јас ќе му одговорам на мојот почитуван колега, бидејќи очигледно дек аминистерот ниту сака, ниту има желба и намера да одговори и ќе му кажам дека нема ништо да се промени. Не знам зошто толку пати го поставува тоа прашање.

Зоштонема да се промени?

Дури и да се усвои овој амандман, дури и да се донесе законот, се ќе си остане како што е до сега затоа што почитувани колеги, едно е да се има закон, друго е да се има морал. Отсуството на морал е најтежок облик, нешто за кое нема ниту правен лек, нешто за кое нема ниту медикамент што може да го излекува.

Не мора да се има закон. Немаше закон кога ЛДП под притисок на јавноста и тогашното мислење на Антикорупциската комисија, ги повлече своите кадри и тоа од функции кои ни малку не беа приближни како ова што сега се случува. За оваа Влада тоа не е така и за нејзе е карактеристично популизмот, хипокризијата и отсуството на моралот. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам и јас.

Има збор пратеникот Славица Грковска, повелете.

**Славица Грковска:** Благодарам претседателе.

Морам да признам дека сум прилично збунета и би сакал да цитирам еден дел од стенографските белешки од вчерашната дискусија за овој амандман кога господинот Маневски вели: “не е точно дека Владата го брише непотизмот од законот”, за сега да се доведеме во ситуација, господинот Маневски да изјави дека е точно дека Владата го брише непотизмот од законот. Јас го прашувам господинот Маневски кога ја зборуваше вистината, вчера или денес. Го прашувам господинот Маневски, зошто толку му смета да постои дефиниција за непотизам, во законот, заради тоа што и покрај твбрдењата на некои наши колеги пратеници, дали од недоволна политичка едукација, или од други причини, министрите се тука да им даваат објаснување на пратениците. Ние ги бираме министрите и тие имаат обврска да одговараат на нашите прашања и на нашите дилеми. Меѓутоа, ваквиот став на министерот, еднаш да вели дека не е точно дека Владата го брише непотизмот од законот, вчера, а денес да вели дека е точно дека Владата го брише непотизмот од законот, дозволете ама навистина внесува забуна.

И на крајот, во целата игра околу овој закон, по ни една цена да не се открие дека вистинската причина е неприфаќањето на постоење на дефиниција за непотизам и заради тоа што ќе има дирекни реперкусии од членови на Владата, министри и високи функционери и луѓе блиски до премиерот, обидите за прикривање доведуваат до вакви конфузни ситуации. Ние вчера во отсуство на попрецизно објаснвување, од еден пратеник од власта, од господинот Николовски, бевме дури советувани дека подобро е да ја одбираме и целта и стратегијата, кога дискутираме за овој закон, бевме прашувани дали знаеме што е непотизам. Токму за да се избегнат ваквите индивидуални дефиниции на зборот непотизам, ние инсистираме да постои дефиниција за непотизам во законот и еднаш за секогаш да завршиме со индивидуалните дефиниции и индивидуалното третирање на тоа што значи непотизам. Меѓутоа, не може да порекенте еден факт дека на овој начин ВМРО-ДПМНЕ не сака да го санкционира реалниот непотизам кој постои во Владата, во ВМРО-ДПМНЕ исто така. Тоа е јасно со контрадикторните изјави на министерот, јасно е, после изјавувањето на господинот Николовски дека има таканаречен непотизам. Значи во ВМРО-ДПМНЕ нема капацитет да се признае дека постои непотизам во Владата. Како да очекуваме

дека после изјаснувањето по овој закон таквото нешто ќе се санкционира.

Сакам да потенцирам дека самиот факт што ни се дава примерот на Полска, укажува на тоа дека се сака да се дислоцира вистинската дефиниција за непотизмот. Што треба, ние да бидеме среќни дека Груевски нема брат па не го ставил на позиција, па не можеме да зборуваме за непотизам, наспроти реалните примери на непотизам? Тоа ли е пораката до опозицијата?

За разлика од мојата колешка која смета дека пратениците се тука да се грижат за себе, јас го имам сосема спротивното мислење. Пратениците се тука да се грижат за интересот на граѓаните. Во овој момент интересот на граѓаните е да се воведе во законот дефиниција на терминот непотизам и наместо да не убддува министерот дека не е доволно прецизна дефиницијата што ние како амандман сме ја поднеле, нека покаже политичка волја, ако е искрен тој лично како министер за правда  и од друга страна како претставник на владеачката гарнитура дека нема ништо против воведувањето на дефиниција за непотизам, нека поднесе амандман во текот на расправата, од страна на Владата, со кој ќе го допрецизира нашиот амандман, така како што смета дека треба да биде поднесен амандманот за да биде прифатлив.  Со тоа ќе докаже дека, прво оваа Влада наместо досегашната нереална и имагинарна борба против корупцијата е подготвена да го нарпави второто, заради тоа што после донесувањето на ваквиот закон, ќе го покаже прв примерот, прво на себе, како функционира овој закон. Јас затоа во претходната дискусија реков дека доенсувањето на овој закон ќе биде прво тест за Владата и за нејзината искрена борба против корупцијата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор министерот за правда господинот Маневски, повелете.

**Михајло Маневски:** Благодарам.

Дами и господа пратеници, ако нешто добро оваа Влада направи е тоа што не го наследи она што го имаше претходната Влада, да води некаква имагинарна борба против корупцијата, да води само некаква  вербална војна против корупцијата, да води вербална војна против судирот на интереси, меѓутоа оваа Влада тоа не го наследи, ниту сака да помисли на оние времиња кога имаше селективна политика, кога не се водеше ефикасна битка против корупцијата, ниту на превентивен, ниту на репресивен план. Ако ништо друго, оваа Влада барем за овие неколку  месеци може да даде конкретни ефекти и конкретни резултати на кои се гледа со респект не само во земјата помеѓу граѓаните на Република Македонија, туку и надвор од Република Македонија.

Она што на почетокот го кажа пратеничката Грковска, нејзино право е да говори како и што ќе говори, меѓутоа не би било добро да се служи со подметнувања. Јас никогаш не сум рекол, ниту вчера, ниту денес, моите изјави се исти и отстапување од моите изјави нема. Ако сака таа да гледа одредени разлика тоа е нејзино право. Јас тука ништо не можам да и помогнам.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Госпоѓа Славица Грковска се јавува за реплика, повелете.

**Славица Грковска:** Почитуван министре, во моето досегашно дејствување како пратеник не сум се служела со инсинуации. Меѓутоа, во име на тоа чувствувам потреба, заради вашиот коментар, да излезам на говорница и да ве гледам додека ви ги покажувам стенографските белешки од вчерашната ваша дискусија и коментар по овој амандман во кој велите дека не е точно дека Валдата го брише непотизмот во законот, за денес да тврдите дека е точно дека Владата го брише непотизмот. Јас тоа не го реков место вас. Вие го кажавте тоа сега пред малку и ве молам да не ретерирате од вашите ставови. Амандманот не се однесува на тоа како одредени одредби од законот се напишани. Нашиот амандман се однесува на дефинирање на поимот непотизам. Факт е дека вие избегнувате да го дефинирате поимот непотизам и во вашите изјави, на пратеници од ВМРО-ДПМНЕ, да зборувате за таканаречен непотизам во Владата, што ми дава право да мислам дека вие смислено не сакате да го прифатите дефинирањето на овој поим заради тоа што ќе има реперкусии по владеачката гарнетура.

Се разбира дека имате вербална борба со судирот на интереси, заради тоа што ако не беше вербална борбата на ВМРО-ДПМНЕ и на владеачката гарнитура со судирот на интереси, тогаш немаше да го имаме примерот со Габриела Коневска и нејзиниот сопруг, немаше да го имаме примерот со братучедите, немаше да имаме пример со синови, застапници и милијон други примери што вие до сега за овие 9 месеци не покажавте капацитет дека можете да ги решите. Напротив вие го промовиравте непотизмот како начин на водење на кадровската политика.

Јас реков и уште еднаш ќе повторам првиот тест на овој закон ќе биде за Владата и нејзиниот капацитет, дали со донесувањето на овој закон Владата ќе биде подготвена да ги имплементира законите и покаже дека како Владата на Република Македонија ги почитува законите што ги носи овој дом, а што Владата ги предлага. Инаку, во Брисел, не се штиклира само донесувањето на одреден закон, туку се штиклира и однесувањето на Владата при неговото извршување. Е, ова ќе биде еден од тие закони што ќе бидат тест за Владата и за нејзината искреност во борбата против корупцијата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Збор има госпоѓа Цветанка Иванова, повелете.

**Цветанка Иванова:** Благодарам господине претседателе.

Пред да ги искажам моите аргументи околу овој амандман и воопшто околу целата дебата што се води околу овој амандман, би сакала најостро да реагирам на падот на нивото на дискусии на овој Парламент, затоа што колку ќе бидеме почитувани од јавноста, од граѓаните кои овде не донесоа многу зависи начинот на кој овде, меѓу себе ние комуницираме, начинот на кој ги спротивставуваме своите аргументи и секако, одбраните зборови. Затоа што ние сме одбрани од народот овде да одбираме зборви и начин на кој што ќе ги искажуваме своите аргументи. Затоа се делиме на позиција и опозиција. Мораме да имаме различни ставови. Не мора секогаш, но по правило имаме различни ставови за тоа што концептите ни се различни.

Ќе ве молам во иднина, заради нашиот сопствен дигнитет да реагирате на време и да не дозволувате во иднина да паѓа нивото на дискусијата.

Зошто се одлучив после дводневна дебата...

Не е смешно господине претседателе. Многу е трагично, затоа што, ако ни се измери рејтингот ќе видите и нашиот и вашиот во Парламентот е толкав колкав што е. А, вие сте првиот човек во овој Парламент и треба да посветите внимание, а не да се смеете на мојата забелешка, бидејќи е најдобронамерна.

Зошто се јавив за дискусија по овој амандман после овие два дена? Прво, кога човек се јавува во Парламентот за дискусија, може да има две цели. Или, со своите аргументи што ќе ги изнесе да го убеди парламентарното мнозинство да гласа за амандманот, што веќе не е прифатен од министерот, или пак да и објасни на јавноста за што станува збор.

Секако, јас немам илузии дека ќе го убедам парламентарното мнозинство да го прифати овој амандман и се определив да се обратам до јавноста. Всушност да објаснам или да докажам, да дообјаснам за што станува збор.

Прво, сакам да потенцирам дека СДСМ како пратеничка група е доследна на своите ставови. Особено по овој амандман. Земете го Извештајот на Законодавно правната комисија од 7 февруари 2007 година, кога се разгледува Предлогот на законот за спречување на судир на интереси и прва наша забелешка е токму овој амандман. Значи и тогаш и сега сме на истиот став дека овој закон мора да има дефиниција што е тоа непотизам. Таму уште на Законодавно правна комисија ние сме кажале, содржан е целокупниот текст на амандманот. Тоа значи дека не го менуваме ставот, не делуваме чаршиски или популистички, како некој од пратениците од позицијата не нарече, туку точно доследно ги застапуваме нашите ставови што сме ги имале уште при Предлогот за донесување на овој закон, каде што, пофторно го потенцирам тој предлог беше од претходната, нашата Влада. И таму имаше непотизам, дефиниција за непотизам, така што и понатаму опстојуваме на овој наш став.

Да продолжам понатаму. Непотизам. Зошто е потребно понатаму во овој закон да има дефиниција за непотизам?

Почитувани колеги,

Нашата држава боледува од болест што се вика, од повеќе болести, но и од болест што се вика неоптизам. Како сакајте дефинирајте ја или, како што сака да каже мојот колега Александар Николовски дека непотизам правела СДС, еве, го правела, но уште посурово го правите вие. И, со донесување на ваков закон без да се дефинира што е непотизам нема да ја постигнеме целта заради што сакаме да го донесеме овој закон.

Непотизмот е основа за корупција. Непотизмот е основа за организиран криминал. Непотизмот е основа за она што вие на сите страни се расфрлате и велите дека беспоштедно ќе се бориме и ќе донесуваме бројни закони,но сакаме да изиграме тука, пред јавноста популистички да делуваме дека ќе се бориме притив корупцијата и криминалот, но да оставиме правни празнини во законот да не може ова да го направиме ефикасно, како што треба.

Ќе го донесеме овој закон. Ние ќе гласаме за донесување на овој закон, затоа што навистина е обврска Република Македонија да го донесе овој закон. Но, ќе дебатираме за тоа што сакаме да ги постигнеме ефектите што треба да ги даде овој закон. Затоа дебатираме два дена на оваа тема. Затоа што без дефиниција на непотизмот во овој закон, нема да ги даде очекуваните ефекти. Овој закон нема да ја даде посакуваната состојба во Република Македонија.

Ние ќе имаме закон. Но, повторно ќе ни се случува важни ресори во влади да водат блиски роднини, да си делуваат во донесувањето на важни одлуки што ќе го креираат патот на државата. Тоа ни се случувало, но не смее, еднаш треба да прекинеме. Еднаш да видиме реално, да видиме во реалноста.

Ајде да видиме што било и што предлагаме.

Во Предлогот за донесување на законот за спречување на судир на интереси и во Предлоготна законот имало колку - толку одредба во членот 7 за непотизмот. И, членот 7 вака гласеше, не ви го читам членот за да одземам време или да ја одолжувам дебатата, туку да видиме во што се состои навистина ова, зошто ние упорно инстистираме да биде прифатен овој амандман, а секако вие, откако јас ќе ги изложам овие аргументи да ми кажете зошто упорно инститирате да не биде прифатен овој амандман.

Членот 7 вели вака:" Службено лице не смее на било кој начин да ја користи својата положба за да влијае врз одлука на законодавната ( значи тука), на извршната или судската власт", значи на сите три власти " заради постигнување лична корист или напредување на блиски лица (непотизам)". Значи, ова стоело и во првата фаза

на законот, ова стоело и во втората фаза во Предлогот на законот оној што го вративме повторно назад заради правни празнини.

И сега, во оваа фаза да нема трага од непотизам, иако ние сме реагирале и комисиски и тогаш на пленарната седница.

Министерот сака да не убеди дека непотизмот бил регулиран со членовите 4, 5 и 6 од Предлогот на законот. Но, во членот 4 во ставот 1 и 2 се утврдени начелата по кои треба да постапува службеното лице при вршењето на јавните функции, а тоа е да ги почитува Уставот и законот, на што сме обврзани сите ние и да ги почитува начелата на законитост, еднаквост, ефикасност, доверба итн.

Во членот 5 никаде не се зборува, еве пак во интерес на времето, да не кажете дека дебатирам само за да дебатирам, никаде нема ни трага од непотизам. Таму се зборува за службено лице при вршењето на јавното овластување да не може да се раководи од семејни, верски и лични интереси, таму се зборува да не бара корист за извршување на своите јавни функции и да не се стекнува со право на награда, да не ветува наградување итн, да не ги читам.

И, членот 6 е дека не може да врши супервизорски или контролен надзор врз работа.

А, што бараме ние? Ние бараме следно: под непотизам, во смисла на овој закон да се подразбира овластување на блиски лица при одлучување и влијание во добивање на раководни работни места и функции на сметка на други лица кои треба да имаат првенство поради знаењето и стручната подготовка за извршување на тие раководни места и функции.

Значи, бараме на важни раководни места, на важни функции да не се поставуваат луѓе блиски, за да не може оваа држава да ја водат семејства, за да не може да се стави една бариера, за да не може, како што е сега премиер да биде човек, а во министерство да работата неговите први братучеди, или министерка за евроинтеграција, а во Управа за приходи сопруг, во јавни претпријатија уште колку не каде што се трошат државни пари и каде што се управува со тој имот. Нашето барање е едно да јакнат институциите на државата, да владее парвото, да се напредува по стручност, професионалност, по искуство, по знаење. За тоа што само така можеме да се одолжиме на државата и на народот. А, не да поставуваме луѓе кои се блиски до Цветанка, па ќе ја спроведуваат нивната замисла. Затоа што никој не ни дал право за такво нешто.

Оваа држава, без разлика кој ја добива довербата на избори, оваа држава е на сите нас. Ние треба сите заеднички да ги јакнеме институциите на системот. Да владее правна држава. Само така ќе бидем примени во Европската унија. Само така ќе го напредмеме нашиот интегративен процес. Вака, ќе ни забележат од Европската комисија дека сме го донеле законот но не сме ги отстраниле бариерите и пречките што не прават или ни оневозможуваат да бидеме правна држава да бидеме држава што гради институции на системот, што има капацитет овие институции да го понесат овој товар. Туку, одново ќе ни се стави забелешка дека сме го донеле законот, но без сериозна политичка волја да се справуваме со она од кое што боледува нашата држава. А тоа е непотизмот.

И последниот човек, последниот граѓанин на оваа држава, да го прашате, ќе ви каже дека и обично вработување се добива со врска. Со блиска роднинска врска, а не камо ли пак некоја висока позиција.

Дајте, да го прифатиме овој амандман, дајте овде сите заедно да кажеме дека го носиме овој закон, сакаме да ја постигнеме оваа цел со овој закон и затоа треба да има дефиниција за непотизам.

Ајде да симулираме, да видиме што ќе предизвика практично недонесувањето и што ќе предизвика практично неприфаќањето на овој амандман.

Ако го прифатиме овој амандман, веќе во иднина не може и сега раководни места и функции да заземе само човек заради тоа што е близок до оној кој ја креира политиката или заради што е близок оној кој ја води политиката во државата. Туку, овде ќе се создаде поле, основа, да се натпреваруваат младите кадри кои ги школуваме сега. И овде, осмиот ден од донесувањето на овој закон, голем број на луѓе кои се поставени врз основа на непотизам ќе се повлечат, ќе се тргнат од тие функции и еднаш за секогаш, оваа држава, белким ќе го пати вистинскиот правец.

А, секако, неприфаќањето на овој амандман значи и понатаму градење на системот на државата врз основа на роднински врски, на блиски односи, на блиски релации, на доверби еден кон друг, а не на систем на професионалност, на систем на знаење и искуство. Јас не знам кои се аргументите зошто не се прифаќа овој амандман и што нешто ќе предизвика лоши политички или евентуални лоши ефекти при практичната примена на овој закон овој амандман, освен оние работи што ги кажав кои се последиците од неговото неприфаќање.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ги молам службите да достават точен број на присутни пратеници во салата.

Ги молам пратениците кои се уште не влегле во салата, да влезат и да ги заземат своите места. Наскоро ќе пристапиме кон гласање.

(Службите доставуват точен број на присутни пратеници во салата).

Ги повикувам присутните пратеници да влезат во салата и да ги завземат своите места.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, имаме 86 потпишани. Според тоа, би требале да имаме кворум за гласање.

(Пратеници влегуваат во салата).

Ги молам службите уште еднаш да достават точен број на присутни пратеници, а ги молам пратениците отсутни од салата да влезат и да си ги завземат местата.

(Службите уште еднаш доставуват точен број на присутни пратеници во салата).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Молам службите да достават точен број на присутни пратеници.

(Службите доставуват точен број на присутни пратеници).

Давам пауза до 15,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13, 12 часот)

**Љубиша Георгиевски:** Ги молам пратениците да влезат во салата.

Во салата се присутни 62 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници гласале 58, 5 гласале за, 2 воздржани 51 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 2 за додавање три нови алинеи 4, 5 и 6 по алинејата 3, поднесен од пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа амандманот со образложение дека со алинеја 4 и 5 практично се стеснува одговорноста на службеното лице во врска со вршењето на овластувањата, а со алинеја 6 штосе предлага, практично е содржината на амандманот кој пред малку не беше усвоен.

Не можам да разберам зошто одговорноста се сведува само на одлучувањето во втор степен. Што би било да кажеме ако се работи за донесена одлука која нема да оди по жалба, или одлука во трет степен, или одлука во вонредни правни средства. Меѓутоа во законот е добро предвидено дека службеното лице не смее да влијае за донесување на одлука, на кој било начин да ја користи својата положба и со тоа да влијае на донесување на одлука, со цел да постигне приватен интерес или корист за него или за негови блиски лица. Практично тоа што е предвидено во законот се однесува на сите видови одлуки и постапки и не е јасно зошто се поврзува донесувањето на одлуката само во втор степен. Одлука е одлука и во прв и во втор степен и во трет степен и во редовни и со вонредни правни средства, повторување на постапка итн. Мислам дека тоа сосема задоволува и од тие причини Владата не го прифаќа амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Можеби ќе бев убедена дека амандманот не треба да се прифати, ако навистина од страна на министерот беа истакнати некои стручни прашања. Меѓутоа, сосема е јасно дека станува збор за нешто друго.

Точно е дека овој амандман е поврзан со претходниот и ние не очекувавме дека ќе биде поддржан, откако претходниот амандман за дефинирањето на непотизмот не беше поддржан. Токму и затоа зборувавме подолго време за амандманот за непотизам, сметајќи дека со поддршката од страна на колегите од позицијата за тој амандман, ќе можевме да очекуваме и дел од другите амандмани кои ќе претставуваат една целина, ќе овозможат подобрување на текстот на законот.

Овој закон не се однесува на некои други постапки каде што има барање за заштита на законитост восудски постапки итн., туку точно се однесува на лицата кои може да се јават во ситуација, со злоупотребата на својата положба да влијаат врез донесувањето на одлуките. Јас ќе ги прочитам, прво членот 5 чие дополнување баравме со овој амандман за да се добие една појасна слика што е тоа што предлага самиот амандман.

Во членот 5 е дефинирано дека службеното лице при извршување на јавните овластувања и должности не смее да се раководи од лични, семејни, верски, политички и етнички интереси, притисоци и ветувања пред поставениот. Тоа е една општа дефиниција. Во став 2 е дефинирано што не смее службеното лице, па стои дека не смее да прима или да бара корист за извршување на своите должности, да остварува или стекнува право со повреда на начелото на еднаквост пред законот, да ги злоупотребува правата што произлегуваат од извршување на надлежностите, да прима награди или друга корист за вршење на работите кои се однесуваат на јавните овластувања и должности, да бара или да прима награда или услуга за да гласа или да не гласа, или да влијае на донесување на одлуки на некое тело или лице за остварување на корист за себе или корист за некои блиски лица, да ветува вработување и остварување на некои други права со примање на подарок или ветување на подарок и да влијае за донесување по јавни набавки, или на било кој начин да ја користи положбата за да влијае за донесување на одлуките со цел да постигне приватен интерес или корист за него или за негови блиски лица.

Поради роковите што се кратки, нема да ги коментирам овие забелешки што лично ги имам во однос на јазичните грешки во формулирањето

на овој член, но тоа е одговорност на тој што го изготвува законот, и ако не бил лекториран, пратениците ја немале таа одговорност да го корегираме текстот. Меѓутоа, се обидувме барем со амандмани, со овој наш предложен амандман 4, да предложиме воведување на нови алинеи кои уште повеќе ќе ги зајакне претходно предвидените алинеи за тоа што не смее службеното лице на кој било начин да ја искористи својата положба за да влијае врз одлуката што треба да ја донесе второстепениот орган, да одлучува по одлуки донесени од органи во кои учествувале или одлучувале лицата од членот 3 на овој закон, на службеното лице е член на второстепениот орган, да повластува блиски лица при одлучувањето или влијанието во добивање раководни работни места.

Колеги, не го поддржавте амандманот за дефинирање на непотизам, па веројатно сето ова ви изгледа смешно, меѓутоа ќе беше добро ако овозможевме со овие амандмани на службените лица да им се забрани да не смеат да повластуваат блиски лица при одлучувањето и влијанието во добивањето раководни работни места и функции на сметка на други лица кои треба да имаат првенство заради знаењето и стручната подготовка за извршување на тие раководни места и функции.

Со неприфаќањето на овој амандман, ќе може при изборот на лица на раководни места и функции да се занемари знаеењето, да се занемари стручната подоговка, а ислучиво некои други влијанија да бидат приоритетни, а тоа е пред се близината со одредени личности и функционери за некое лице да добие одредена функција. Значи, граѓаните на Република Македонија нема да можат поеднакви услови да ги добиваат раководните места и функциите. Едноставно Владата смета дека стручноста, знаењето, способноста за извршување на некои раководни места и функции е нешто што има второстепено значење, дека најважно е лицето кое ќе биде именувано на некоја функција или раководно место, да биде близок на некој друг функционер кој има големо политичко влијание во некоја политичка партија, а соодветно на тоа кога таа партија е на власт, да има висока функција и во извршната власт.

Тоа што колегите од позицијата или премногу молчат, или пак премногу создаваат врева овде во салата само ми го потврдува мојот став дека во многу делови се согласуваат со нас, со нашите дискусии, на пртениците од СДСМ, но дека партиската послушност и обврска што ја преземале лично кон премиерот им оневозможува да го кажат својот личен став, туку едноставно со гласањето само го поддржуваат тоа што Владата до нас го доставила како предлог. Меѓутоа, колеги пратеници, одговорноста не е само на Владата. Заедно со одговорноста на Владата е и вашата одговорност како пратеници на позицијата, па паѓањето на рејтингот на Владата ќе значи уште повеќе паѓање на рејтингот и на парламентарното мнозинство. Затоа искористете ја можноста да се надминете себе си и да гласате за амандмани за кои навистина постојат аргументи да ја добијат поддршката од парламентарното мнозинство. Во спротивно само продолжуваме како Парламент, за жал, ќе коснтатирам да биде Парламентот продолжена рака на Владата и во Парламентот да не се креира никаква политика, Парламентот да нема право на свое мислење, туку едноставно да го поддржува тоа што е изготвено од Владата, не зависно каков ќе биде крајниот ефект, што ќе покаже примената на законот, а како ќе бидат и оценети законските проекти и нивната имплементација од сите оние кои ја имаат таа улога, затоа што и ние како држава сме преземале одредени обврски. Меѓутоа во моментот нема да се надоврзувам на сето тоа за што премногу говореа и моите колеги од СДСМ. Ќе завршам само уште со еден апел до колегите од парламентарното мнозинство да го поддржат амандманот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, за гласале 10, воздржано 2, против 51.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 6 поднесен од пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски.

Го молам претставникот на Владата а се произнесе.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот и тој станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 7 став 1 поднесен од од пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски.

Го молам претставникот на Владата а се произнесе.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Амандманот не се прифаќа од следните причини:

Во членот 7 став 1 е предвидено дека во случај на постоење на сомневање за судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија.

Со амандманот се предлага, место зборовите “е должно”, да стои “може да побара”.

Не можам да разберам зошто се бара олеснување на одговореноста на службеното лице. Кога ќе дојде до судир на интереси, тоа е една должност да побара мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Најнапред сакам да го појаснам претходниот амандман што претставникот на Владата го прифати, меѓутоа да не испадне дека не знаеме што сме прдложиле, а што прифаќа Владата, да појаснам дека е добро што се прифаќа претходниот амандман. Меѓутоа Владата да не го толкува само од аспект на сегашната позиција за дефинирање на блиски лица, на начин како е тоа предвидено во законот, бидејќи амандманот 6 како што беше предложен од Владата, овозможуваше лицата кои со службеното лице се во родбинска врска или се поврзани на друг начин, да не можат да вршат супервизорски или контролен надзор врз неговата работа итн., не е битен целиот член. Меѓутоа имаше една дефиниција - или се поврзани на друг начин, што сега согласно овој амандман нема да постои бидејќи овозможуваше под тоа на друг начин да се подразбира се онака како што, тој што оценува може да сфати дека е соодветно во моментот. Меѓутоа, од прифаќањето на претходниот амандман за блиски лица, сметаме дека на овој начин ќе се смалат злоупотребите што беа можни доколку останеше претходниот текст.

Конкретно, кога станува збор за менувањето на членот 7 и амандманот 7, во ставот 1 за замена на зборот "должност", со зборот "може", ќе појаснам за што станува збор.

Во членот 7 е предвидено дека во случај на став 1, во случај на постоење на сомневање на судир на интереси, службеното лице е должно да побара мислење од Државната комисија. Тоа значи поставување на Државната комисија за спречување на корупција, во една супериорна положба која овозможува сите службени лица кои се сомневаат дека постои судир на интереси, дека треба да одат на поклонение кај Државната комисија за спречување на корупцијата. Начинот пак на кој е формирана Државната комисија за спречување на корупцијата овозможуа да се сомневаме дека толкувањето што ќе го дава, за секој случај ќе зависи од тоа кое службено лице побарало мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата, дали е тоа Претседателот на државата, лица што ги именува Претседателот на државата, функционери во судската власт, во другите органи и организации, или пак е службено лице кое работи во рамките на Владата и другите извршни органи кои припаѓаат на исти политички опции, како што се и членовите на Државната комисија за спречување на корупцијата. Тоа ќе создаде еден потполен волунтаризам и хаос во примената на законот за спречување на судир на интереси и наместо да се спречи судирот на интереси, некаде ќе се поттикнува и ќе се овозможува судирот на интереси, бидејќи Комисијата ќе зазема став дека во тој случај, бидејќи како што знаеме се појавува и во пракса, кај тоа лице не постои судир на интереси. Ваквата обврска е исто како обврска по донесувањето на законите во Собранието,тие што ги применуваат законите да бидат обврзани да бараат автентично толкување од Соберанието за законите. Но, не е така. Може, тој што го применува законот, ако сака, значи може но не мора, за одредени прописи да бара автентично толкување и тоа е добро решение, така и се применува во пракса. Ние аналогно на ова предлагаме во овој амандман, наместо зборот "должно", да стои зборот "може" и амандманот да гласи - во случај на постоење на сомневање на судир на интереси, службеното лице може да побара мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата. Тогаш навистина се остава на слулжбеното лице да одлучи дали доволно може самиот да ги толкува одредбите од законот и да смета дека постои или не постои судир на интереси, или пак смета дека за тоа прашање, за да биде и самиот лично уверен дека не постои судир на интереси, ќе побара мислење од Државната комисија за спречување на корупцијата. Навистина, сметам дека овој амандман треба да биде поддржан доколку навистина сакаме нашата држава да ја градиме како правна држава во која законите се применуваат еднакво спрема сите, а не во зависност од тоа кој на која партија и припаѓа или кој на која позиција се наоѓа во моментот.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот.

Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Од 62 присутни пратеници во салата, гласале 59, за гласале 8, воздржани 2, против 49.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 3 поднесен од пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа овој амандман. Според тоа тој станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 9 за менување на ставот 2 со два нови ставови, поднесен од пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот. Според тоа амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Амандманите за бришење на член 11 поднесени од пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски и од пратениците Роза Топузова Каревска и Јован Манасиевски кои се точки 10 и 11 од списокот на редоследот на амандмани по кои Собранието води пртрес, се идентични и по нив ќе водиме единствен претрес.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 11, поднесен од пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски и по амандманот за бришење на член 11 поднесен од пратениците Роза Топузова Каревска и Јован Манасиевски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот. Според тоа амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 12 став 1, поднесен од пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот. Спорд тоа амандманот станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 13 став 2, и за бришрење на став 3 поднесен од пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман од причини што тоа што е вградено во текстот на законот претходно е вградено по амандман кој беше поднесен од пратениците Цветанка Иванова, Оливер Спасовски и Борис Кондарко. Според тоа, очигледно кога ние го прифативме тој амандман по претходниот текст, сега нема причина да го менуваме.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа амандманот.

Има збор господинот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван претседателе.

На почетокот сакам да се заблагодарам наминистерот за овие претходни амандмани што се прифатени за подобрување на текстот, а од името на предлагачите овој амандман го повлекувам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 16 став 1, поднесен од пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот. Спорд тоа амандманот станува составен дел од законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17 поднесен од пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Амандманот се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата го прифаќа амандманот. Спорд тоа амандманот станува составен дел од текстот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 17, поднесен од пратеникот Роза Топузова Каревска.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Со оглед на тоа дека е прифатен претходниот амандман, даденото образложение се однесува и на овој амандман.

Амандманот не се прифаќа.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман со оглед на тоа што е прифатен претходниот амандман.

За збор се јави госпоѓа Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам почитуван претседателе.

Со самото тоа што министерот го прифати претходниот амандман овој веќе станува безпредметен и според тоа јас го повлекувам амандманот, затоа што апсолутно се совпаѓа со она што го содржи претходниот амандман. Благодарам.

**Љубиша Георгиевски:** Амандманот е повлечен. Благодарам.

Отворам претрес по амандманот на член 25 став 2, поднесен од пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Овој амандман Владата не го прифаќа со оглед на тоа што се работи за имотна состојба, а имотот често пати се пренесува на блиски лица со цел да се избегне од одговорноста. Од тие причини Владата не го прифаќа овој амандман.

**Љубиша Георгиевски:** Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Овој член од законот, 125 во услови ако не се изгласа амандманот што го имаме предложено ќе овозможи навистина, како што и претходно кажав во дискусија по други амандмани Државната комисија навистина да работи волонтаристички во зависност од тоа како сака да постапува спрема конкретни лица.

Ќе го прочитам, морам да го прочитам предложениот амандман и измената што ја предложивме.

Согласно членот 125 Државната комисија може од службеното лице да побара податоци за неговата имотна состојба или за имотната состојба на членовите на неговото семејство и на него блиски лица за промените во имотната состојба, за дејноста што ја врши тој или член на неговото семејство, приходите кои ги остварува или други податоци од значење за примената на овој закон.

Ваквиот член ќе биде и во спротивност со одредби од Законот за спречување на корупција бидејќи обврската за пријавување на имот се однесува за лицето што е функционер и за членовите на неговото семејство. Со ваквиот член од законот ќе се овозможи да се оди многу подалеку од тоа, па да се чепка и во имотната состојба не само на членовите на семејството, за што и сега има законска обврска и тоа не е спорно, туку и на него блиски лица.

Кои се сите тие блиски лица и колкав е тој круг на лица кои што можат да очекуваат поради близината со некое службено лице дека ќе бидат доведени во ситуација да се испитува нивната имотна состојба навистина ни останува отворено прашање и сметаме дека на овој начин се намалува правната сигурност и се овозможува волонтаризам на работењето.

Нашиот предлог е зборовите “и на нему блиски лица” да се бришат и да остане обврската на Комисијата да може од службеното лице да побара податоци за неговата имотна состојба, или за имотната состојба на членовите на неговото семејство, што е една легитимна обврска и сега согласно законот за спречување на корупцијата. Но, проширување на овој круг “и на нему блиски лица” навистина сметаме дека нема ниакаква логика и навистина ќе овозможи буквално партиско работење на Комисијата и шиканирање на граѓаните кои што ама апсолутно немаат можеби никаква врска со некое службено лице, меѓутоа Комисијата смета дека тие треба да дадат податоци за нивната имотна состојба.

Доколку другите органи кои што имаат обврска да постапуваат и да ја следат примената на законите и оние кои што се однесуваат во кривичната сфера си ја работат работата онака како што треба нема потреба да внесуваме ваква одредба во овој закон за застрашување на граѓаните. Има многу други одредби и во Кривичниот законик и во други закони каде што има планкетни норми во кои се санкционира работењето спротивно на законот. Меѓутоа, ваквo евидентирање и контролирање на граѓаните заради тоа што се во блиски односи со некое службено лице сметаме дека навистина не му е место во овој закон и најмалку оваа одредба значи спречување на судир на интереси.

Затоа апелирам до колегите навистина ако е можно да се надминат, не знам по кој пат го споменувам тоа себе си и да гласаат барем за еден амандман. Претходните амандмани што ги прифати министерот сметам дека е поради тоа што немаше каде да оди. Навистина има и прашања кои што едноставно и не може да се дебатира, треба да се прифатат амандманите.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот. Амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 61 пратеник, за гласале 11, воздржани 2, против 48.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Отворам претрес по амандманот за бришење на член 28, поднесен од пратениците Борис Кондарко, Мери Младеновска Ѓорѓиевска, Оливер Спасовски, Славица Грковска и Владо Бучковски8.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

Има збор претставникот на Владата.

Повелете господине министре.

**Михајло Маневски:** Владата не го прифаќа овој амандман со оглед на тоа дека со амандманот се предвидува да се брише одредба, да се брише членот 28, меѓутоа оваа одредба остава можност да се отстранат последиците кои доведуваат до судир на интереси, а случаите ако се отстранат последиците во одреден рок Државната комисија е овластена да ја запре постапката.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

Владата не го прифаќа овој амандман.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Морам да истакнам дека и при изготвувањето на овој амандман имавме дилема дали да го преформулираме текстот на членот 28, меѓутоа толку е лошо напишан текстот, немавме друг избор затоа предложивме да се избрише, затоа што не се знае што сакал творецот на оваа одредба да каже. Па дури, ако има интенција да се отстранат последиците кои настанале врз основа на постоење на судир на интереси тоа е многу лошо напишано во оваа одредба и нејзината имплементација во пракса навистина ќе наиде на пречки заради тоа што не се знае што се сакало да се каже, што сакал творецот што го напишал овој член на законот да каже.

Од друга страна се овозможува отстранување на последиците доколку претпоставуваме дека се тоа последици како резултат на постоењето на судир на интереси, иако тоа е лошо дефинирано во оваа одредба. Се овозможува Државната комисија да ја запре постапката и за тоа да го извести подносителот на пријавата во рок од 15 дена од денот на запирање на постапката.

Ова треба да биде закон да го спречи судирот на интереси, или повторно, како што зборував и пред малку да се овозможи различна примена некаде многу крута, некаде многу растеглива и широка примена на законот во зависност на тоа за кој круг на службени лица станува збор, бидејќи кругот на службените лица на кои се однесува законот е навистина пресирок.

Но еве Владата како и за други амандмани кои не заслужија внимание не најде слух да ги разгледа и да ги прифати амандманите, па ќе имаме една одредба во законот ако не се прифати овој наш амандман за која ќе може кој како сака да си ја толкува и да ја применува.

**Љубиша Георгиевски:** Благодарам.

За збор се јави господин Оливер Спасовски.

**Оливер Спасовски:** Благодарам господине претседателе.

Причината поради која го поднесуваме овој амандман е токму заради тоа што во текстот на одредбата од членот 28 стои дека во текот на водењето на постапката може да побара службеното лице да ги отстрани последиците кои го предизвикале постоењето на судир на интереси во рок од 15 дена од денот на дознавањето за постоење на судир на интереси.

Мислам дека некореспондира со некои одредби кои претходно беа усвоени во текстот на расправата, односно се дел од овој законски проект, заради тоа што лицето кое што се сомнева дека има судир на интереси треба да побара од Комисијата, или е должно да побара од Комисијата и тоа да се утврди без да настанат одредени последици кои што би настанел во текот на одлучувањето на службеното лице каде што ќе дојде до судир на интереси. Мислам дека со ваквиот член кој што е предвиден во законот за судир на интереси малку ги релативизираме работите и односите.

Мислам дека во секој случај ќе може да се најде некакво оправдување за наводно непознавање за постоењето на судир на интереси и подоцна Државната комисија за спречување на корупцијата да ја запира постапката во делот односно да го извести подносителот на пријавата за тоа дека се отстранети последиците ако се отстранат во даден рок.

Мислам дека на тој начин нема да придонесеме во ефикасноста за спречувањето токму на судирот на интереси во делот каде што ќе одлучуваат службените лица. Ќе биде одредба со која што ќе има злоупотреби во понатамошната остапка при примената на овој закон и дека до крај ефикасноста нема да биде доведена на она ниво кое што треба да биде.

Токму заради тоа мислиме дека ваквата одредба односно целиот член не треба да биде составен дел од текстот на законот, односно не треба да постои со тоа што нема да дадеме ниту минимална шанса врз основа на одредбите што можат да бидат дел злоупотребувани при толкувањето некои од службените лица кои што можеби и свесно би донеле одредена одлука во која што има судир на интереси за подоцна тоа да се утврдува и да се отстрануваат последиците ако се остане дури во дел од поднесената пријава на оној што бара.

Мислам дека заради ефикасноста и применливоста на законот во овој период би требало да биде прифатен амандманот. Ако не се прифати тоа од Владата ќе мора пратениците од парламентарното мнозинство да го поддржиме се со цел да ги постигнеме целите за ефикасна примена.

(Со седницата продолжи да заседава господинот Иван Анастасовски).

**Иван Анастасовски: Б**агодарам.

Има збор пратеникот Мери Младеновска Ѓорѓиевска.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Бидејќи претставникот на Владата не го прифати амандманот, значи дека овие одредби нема да се бришат и како што споменав доколку продолжат да постојат вакви во пракса ќе создаваат дилеми и заради својата лична конструктивност до крајот, без оглед на тоа што можевме да го согледаме во текот на целата расправа и односот на Владата спрема пратениците од опозицијата и предложените амандмани, сепак сакам да дадам свој придонес и сметам дека во овој момент кога веќе се одбива амандманот најмалку што може да направи Владата е да интервенира со свој амандман и да го подобри текстот на начин што првиот став од членот 28 би гласел: “Државната

комисија во текот на водењето на постапката може да побара од службеното лице да ги отстрани последиците кои настанеле од постоењето на судир на интереси во рок од 15 дена од денот на дознавањето на постоење на судир на интереси", ако навистина е желбата да се отстранат последици кои настанале како резултат на судирот на интереси.

Доколку зад овие одредби се крие нешто друго, тогаш го молам претствникот на Владата да ни објасни што е тоа што значи оваа одредба, ако еве јас погрешно сметам на што се однесува овој став.

Значи, давам придонес со предлог да се изврши преформулација на овие делови каде што е наведено "да ги отстрани последиците кои го предизвикале постоењето на судир на интереси". Ова автоматски буди сомневање дека не се знае овде што е причинаско последична врска, што е основна работа во правото за да знаеме на што се однесува оваа одредба. Затоа пологично ми е да стои "отстранување на последици кои настанале од постоењето на судир на интереси".

Доколку не сум во право, го молам уште еднаш претставникот на Владата на сите пратеници да ни објасни за што станува збор.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејќи нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по амандманот и амандманот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во моментот на гласање во салата беа присуни 62 пратеници.

Вкупно гласале 60, од кои 10 за, 3 воздржано и 47 против.

Констатирам дека Собранието не го усвои амандманот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор пратеникот Оливер Спасовски, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници, почитуван министер,

По завршување на амандманската расправа и после расправата која што ја водевме во првата фаза и сега во Собранието на Република Македонија мислам дека од исклучителна важност е да го имаме овој закон донесено за судир на интереси. Оттаму СДСМ ќе го поддржи законот за судир на интереси, меѓутоа искажуваме голема резерва, кај нас се појавуваат големи дилеми во однос на ефикасноста, применливоста и во намерите на Владата и на парламентарното мнозинство за ефикасна примена на овој закон токму од две причини кои што и најмногу ги дискутиравме со аргументи пред вас и пред пратениците во Собранието на Република Македонија, а тоа е прецизното дефинирање на поимот "судир на интереси" и внесувањето на поимот "на непотизмот" во законот за судир на интереси, заради тоа што сметаме дека ако не го дефинираме поимот за судир на интереси онака како што требаше да биде прецизно дефиниран ќе имаме проблеми во ефикасната примена и ќе остава можност за различни толкувања или различни аршини во делот на одредени појави кои што ни се случуваат во Република Македонија,

Второ, мислам дека со неприфаќањето на дефинирање на поимот, или воведувањето на поимот "непотизам" во овој закон тоа е сосема друга намера од страна на Владата и на парламентарното мнозинство.

Мислам дека на тој начин што не ја прифативте дефиницијата на овој поим не направивте добро на оние за кои што говоревме вчера од едноставна причина што покрај тоа што ќе ги заштитите заради тоа што се роднини или блиски на одредени носители на функции, мислам дека направивте штета од тој аспект што сите нив ги ставивме во еден кош дека се поставени на тие места исклучиво заради близината со некој друг, не заради квалитетите и соодветната примена на законските норми во делот на изборот на носители на јавни функции во Република Македонија.

Меѓутоа, рековме дека е добро час поскоро да биде донесен овој закон се со единствена цел да можеме конечно да застанеме на она што се нарекува судир на интереси кои што заедно констатиравме дека е еден од најголемите проблеми во изминатиот период и токму од тие причини ставот на пратеничката група на СДСМ е да го поддржиме овој закон, со голема резерва во делот на овие два амандмани кои што ги понудивме, за кои што најмногу расправавме и мислам дека има некоја друга намера, меѓутоа во примената тоа ќе се види понатаму и ќе се докаже веројатно дека сме биле во право, а во некое друго време кога ќе ги замените пратениците од СДСМ во клупите од опозицијата тоа ќе го посакувате и вие, меѓутоа тогаш како коегзистентни на политиката ние ќе го понудиме да влезе и дефинирано она што значи судир на интереси и дефиницијата за непотизам. Благодарам.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор госпоѓа Мери Младеновска Ѓорѓиевска, повелете.

**Мери Младеновска Ѓорѓиевска:** Имавме можност овој текст на законот да ја следиме расправата и навистина да констатираме дека на многу прашања кои директно од колегите беа поставени на претставникот на Владата едноставно не добивме одговор. Најважните прашања на кои се однесува овој закон едноставно беа премолчени.

Не е спорна нашата поддршка на самиот текст на закон. Ние токму заради тој придонес во изготвувањето и донесувањето на законот напишавме амандмани кои делумно беа и прифатени само за да ја подобриме законската регулатива.

Во Република Македонија е потребно да постои еден ваков закон во кој се дефинира што е тоа судир на интереси, да може во одредени ситуации да се лоцира каде се наоѓа проблемот. Но, најважните работи повторно остануваат и во иднина да претставуваат проблем. Едно е прашањето за дефинирање на судир на интереси, за што не беше прифатен наш амандман, прашањето за дефинирање на непотизмот и третата работа од надлежност на Државната комисија за спречување на корупција е должноста службените лица да бараат толкување за постоење судир на интереси кај Државната комисија. Сметаме дека на овој начин навистина нема да биде овозможено да се работи врз основа на веќе усвоени правни стандарди, туку ќе се работи по партиски интереси, во зависност од тоа за кого станува збор. За мене огромна е дилемата во однос на дефинирањето на судирот на интереси, посебно што службени лица од овој закон се предвидува дека се и вршителите на судиската функција и се овозможува, согласно овој закон, орган кој е биран во Собранието, а тоа е Државната комисија за спречување на корупција, во оваа сфера дирекни надлежности на носителите на судиска функција, како власт, која е независна и од законодавната и од извршната власт. Токму затоа ние баравме поинакво дефинирање на судирот на интереси, бидејки обврските или исклучувањето на постапување и одлучување на вршителите на судиски функции, во случај ког апостои сомневање во нивната непристрасност и до сега има и тоа е дел од нашето позитивно право, не во овие 17 години туку и во претходните, но за тоа одлучуваат носители на судската функција, значи во нивни инстанци. На овој начин ќе се овозможи директно влијание на законодавната и на извршната власт во работењето на вршителите на судска функција, кои се независни.

Недефинирањето на терминот непотизам ќе овозможи именување на раководни места и функции на лица кои тоа не го заслужуваат, согласно нивното знаење и способности, туку го заслужуваат како резултат со близината на одредени лица.

На крајот, нема да елаборирам повторно за обврската да се бара толкување за судир на интереси од Државната комисија за спречување на корупција, бидејки тоа и пред малку по текстот на амандманот го зборував, туку ќе констатирам дека ова Собрание на предлог на оваа Влада ја издига Државната комисија за спречување на корупција на еден повисок пиедестал, со цел уште повеќе да ја зголеми зависноста на друг начин на членовите на Комисијата. Мислам дека знаеме што се крие зад ова, но ќе видиме како ќе функционира законот во пракса. До колку беа и овие наши амандмани прифатени, немаше да се сомневам дека ќе имаме добар закон кој во пракса навистина ќе даде позитивни резултати и кој во пракса ќе има добра имплементација, но сега се сомневам во правилната имплементација на законот, но тука сме, ќе реагираме и по повод имплементирањето на законските одредби.

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Има збор пратеникот Роза Топузова Каревска, повелете.

**Роза Топузова Каревска:** Благодарам потпретседателе, почитувани колеги пратеници, почитуван министер.

На самиот почеток ќе истакнам дека јас сакам само да го искажам ставот на пратеничката група на ЛДП и дека ние ќе дадем поддршка на овој закон.

На почетокот ќе повторам она што го кажав дека при носењето, кога говоревме за потребата на еден ваков закон, немаше пратеник во ова Собрание кој не даде поддршка и не се согласи дека нависитна на Република Македонија и е повеќе од потребен еден ваков закон кој во голема мера ќе придонесе за борбата со корупцијата, а знаеме од какво значење е за еднаш веќе да се зафатиме со сериозна битка со корупцијата и со тоа да овозможиме во Република Македонија да се спроведат реформите кои од нас толку многу се бараат, кои Македонија ќе ја однесат многу поблиску до Европската унија и НАТО интеграциите.

Во овој момент би сакала да му се заблагодарам на почитуваниот министер за прифаќањето на поголем број амандмани, вклучувајки ги и амандманите од ЛДП кои ги прифати, со што сметам дека во голема мера ќе се подобри текстот на законот и некои работи, некои можеби беа технички, но имаше и суштински, не ги предвидела Владата, не обрнала доволно внимание, сега тие грешки ќе бидат поправени и ќе може во целост да се имплементира законот.

Овде би сакала да го изразам моето жалење зошто не се прифати амандманот околу непотизмот и се дозволи толку време да дебатираме за некоја работа која очигледно во голема мера ќе придонесеше, не само за подобрување на текстот на законот, туку и еднаш конечно во Република Македонија јасно да се дефинира што претставува непотизам, а не тој збор да се толкува од дневно-политички потреби, како кога им одговара на партиите кои во тој момент се наоѓаат на власт. Токму поради тоа мислам дека беше добро да го дефинираме овој збор и да знаеме дека луѓе кои исполнуваат одредени критериуми се стручни и компетентни да извршуваат некоја функција, не значи дека, до колку напредуваат во службата, а имаат близок човек кој се наоѓа на некоја функција, дека тоа е непотизам. Напротив, ние говориме за нешто

сосема друго. Значи и со прифаќањето на амандманот за непотизмот, точно ќе се разграничеше каде станува збор за непотизмот.

Реков дека ЛДП ќе даде поддшка и не само што ќе дадеме поддршка, туку будно ќе ја следиме имплементацијата на овој закон и очекувам дека и овој закон нема да заврши некаде во фиоките, туку напротив Владата уште од првиот момент кога тој стапува во сила, ќе го импелментира, иако јас во моето излагање претходно кажав дек аименувањето на блиски роднини, на лица кои се наоѓаат на високи функции во државата, повеќе е прашање на моралот и можеби не ни треба закон за да знаеме дали треба или не треба блиските роднини на премиерот, на потпретседателката на Владата, да бидат поставени на високи функции и да обавуваат функции каде навистина има судир на интереси. Но, еве можеше да се правда парламентарното мнозинство, можеше да се правда Владата дека за тоа нема закон, не се крши законот и за нив, во отсуство на моралот можеа да ги именуваат своите блиски на високи функции. Сега веќе, почитувани колеги пратеници, го имаме овој закон и реков дека ЛДП дава поддршка на донесувањето на овој закон, ќе гласа за, но будно ќе ја следи неговата имплементација и секогаш кога нема да се почитува овој закон односно кога Владата нема да постапи по овој закон, затоа што веќе и има можности да видиме како ќе го имплементира и тоа многу брзо, со повелкување на блиските лица од функциите што ги имаат, ние ќе реагираме, дали од оваа говорница или со прес конференции, важно ќе укажеме на тоа дека законот, иако го носи знаменцето на Европската унија, иако сметавме дека е еден од приоритетните закони во борбата со корупцијата, за жал го имаме само да кажеме пред Европската унија дека сме донеле ваков закон, а се нема желба од Владата да биде имплементиран во пракса. Благодара,

**Иван Анастасовски:** Благодарам.

Бидејки нема повеќе пријавени за збор, го заклучувам претресот по текстот на Предлогот на законот.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Пред да преминеме на гласање, ги молам пратениците кои се надвор од салата да влезат, ќе пристапиме кон гласање.

Ги молам службите да го утврдиме точниот број на пратеници кои се присутни во салата.

Во салата се присутни 63 пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 62 пратеници, сите 62 гласале за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за спречување судир на интереси.

Овде завршуваме за денес.

Дополнително ќе бидете информирани за продолжување на оваа седница, а утре во 11,00 часот е 45-та седница на Собранието на Република Македонија.

(Седницата прекина со работа во 16,26 часот)